Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:21.04.2022 17:11:03
Reason:Документ со електронски печат
SERIALNUMBER=CRT3586703 + CN=e-sluzhben-vesnik-na-rsm, OU=EDB - 4030987108771, OU=EMBS - 4054857, O=JP Sluzhben vesnik na RSM, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 99** **21 април 2022, четврток** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1280. | **Закон** за инспекциски надзор во животната средина (*) | **3** |
| 1281. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*) | **25** |
| 1282. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за установите | **55** |
| 1283. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва | **58** |
| 1284. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција (*) | **60** |
| 1285. | **Закон** за изменување на Законот за административни службеници | **70** |
| 1286. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита | **72** |
| 1287. | **Уредба** за изменување на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност | **73** |
| 1288. | **Одлука** за продажба на одземен недвижен имот | **80** |
| 1289. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2022 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје | **80** |
| 1290. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година | **80** |
| 1291. | **Одлука** за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе | **80** |
| 1292. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци | **81** |
| 1293. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на работна група за продолжување на процесот на децентрализација | **81** |
| 1294. | **Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година | **81** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1295. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4–времено сместување КО Отовица, Општина Велес.................. | **82** |
| 1296. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот просветен инспекторат................................................... | **82** |
| 1297. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Крива Паланка.......... | **83** |
| 1298. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје........................................... | **83** |
| 1299. | **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид............................ | **83** |
| 1300. | **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје................................ | **84** |
| 1301. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8 - Деве Баир – Кафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00 – км 10+424,89, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 0+480 до км 1+350, КО Кичево-вон-град и КО Кичево 9, Општина Кичево............... | **84** |
| 1302. | **Одлука** за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп.... | **84** |
| 1303. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 - Автопат Деве Баир-Кафасан, патна делница Песочани-Требениште, од км 0+000 до км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 3+380 - км 3+500, КО Ботун, Општина Дебарца.................................................. | **85** |
| 1304. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун со приклучок на постоечки објекти (за потребите за изградба на патен коридор 8 Деве Баир - Кафасан, патна делница Песочани - Требеништа км 0+000,00 км 12+698,72), КО Ново Село, КО Ботун, Општина Дебрца...................................................... | **85** |
| 1305. | **Одлука** за потврдување на Финансискиот план за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството..................... | **87** |
| 1306. | **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година............................. | **87** |
| 1307. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година............... | **87** |
| 1308. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година................................................ | **87** |
| 1309. | **Одлука** за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Росоман........................................ | **87** |
| 1310. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад…… | **88** |
| 1311. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Кафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89, за проширување на изградени косини, косина 1 од км 0+480 до км 1+340, КО Кичево вон град и КО Кичево 9, Општина Кичево………….. | **88** |
| 1312. | **Одлука** за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија... | **88** |
| 1313. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Кафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+620 - км 4+990 КО Другово, Општина Кичево………………. | **89** |
| 1314. | **Решение** за изменување на Решението за именување членови на групата за процена……………………... | **89** |
| 1315. | **Програма** за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година………… | **89** |
| 1316. | **Одлука** за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија… | **91** |
| 1317. | **Одлука** за продолжување на лиценца за пробна работа…………….. | **94** |
| 1318. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт…… | **94** |
| 1319. | **Одлука** за определување на ескалираната густина $\rho e$ и деескалираната густина $\rho d$, на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висина на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи………………………………. | **97** |
| | **Огласен дел**.......................................... | **1-36** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1280.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*)

Се прогласува Законот за инспекциски надзор во животната средина (*)

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 април 2022 година.

Бр. 08-1901/1
19 април 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (*)

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој закон се уредуваат планирањето и спроведувањето на инспекцискиот надзор во животната средина, начелата, организацијата, правата и обврските на инспекторите, актите за инспекциски надзор во животната средина, воспоставувањето на информацискиот систем за инспекциски надзор во животната средина, како и остварувањето соработка во инспекцискиот надзор во областа на животната средина.

Член 2
**Супсидијарна примена на други закони**

(1) За сите прашања кои се однесуваат на спроведувањето на инспекцискиот надзор во животната средина, кои не се уредени со овој закон, ќе се применува Законот за инспекциски надзор.

(2) При вршење на инспекцискиот надзор, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите од прописите од областа на животната средина, како и прописите во кои е утврдена надлежност за вршење инспекциски надзор во животната средина.

(3) За регулирање на прашањата во врска со пристапот до информации кои се однесуваат на животната средина, учество на јавноста во спроведувањето постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина се применуваат одредбите од Законот за животната средина доколку со овој закон не е поинаку уредено.

Член 3
**Цел на Законот**

Заради воспоставување високо ниво на заштита на животната средина, основна цел на овој закон е воспоставување ефикасен систем на инспекциски надзор во животната средина на територијата на Република Северна Македонија преку:

- координирано вршење инспекциски надзор во животната средина на централно и на локално ниво над субјектите на инспекцискиот надзор во животната средина (во натамошниот текст: субјектите на надзорот), согласно со прописите за животната средина,
- проценување на влијанието коешто субјектите на надзорот го имаат врз животната средина и соодветно планирање на инспекцискиот надзор во животната средина врз основа на проценетиот ризик врз животната средина,
- откривање на изворот и обемот на загадување на животната средина и
- преземање мерки за спречување, намалување или отстранување на загадувањето.

Член 4
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Инспекциски надзор во животната средина“ е надзор над субјектите кои вршат дејности и/или активности кои предизвикуваат или имаат потенцијал да предизвикаат влијание врз медиумите и врз областите во животната средина, без оглед дали субјектите на надзорот имаат или немаат обезбедено соодветни акти со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста;
2. „Субјект на надзорот“ е домашно или странско правно или физичко лице кое на територијата на Република Северна Македонија при вршењето дејност и/или активност предизвикува или може да предизвика негативно влијание врз животната средина кое како такво е определено со прописите од областа на животната средина;
3. „Прописи од областа на животната средина“ се законите и подзаконските прописи кои произлегуваат од нив, со кои се регулирани медиумите и областите на животната средина;
4. „Стручен орган“ е органот на државната управа надлежен за вршење на стручните работи во врска со медиумите и областите на животната средина формиран согласно со членот 160 од Законот за животната средина и
5. „Инспектори за животна средина на локално ниво“ се инспектори кои вршат инспекциски надзор во областа на животната средина на локално ниво и кои согласно прописите од областа на животната средина се препознаени како овластени инспектори за животна средина на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

### II. НАЧЕЛА НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 5
**Начело на интегриран пристап при вршењето на инспекцискиот надзор**

Инспекцискиот надзор во животната средина се врши на начин со кој инспекторот ги забележува и ги утврдува влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина кои ги предизвикал или може да ги предизвика субјектот на надзорот.

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2012/18/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2012 година за контрола на опасностите од големи несреќи кои вклучуваат опасни супстанции, за измена и последователно укинување на Директива 96/82/ЕЗ на Советот (CELEX бр.32012L0018), Директивата 2010/75/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 24 ноември 2010 година за емисии од индустријата (CELEX бр.32010L0075) и Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ (CELEX бр.32014R0910).

Член 6

**Начело на транспарентност**

Инспекторите се должни да обезбедат право на пристап до информациите кои се однесуваат на вршењето на инспекцискиот надзор во животната средина согласно со одредбите на овој или друг закон.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 7

**Надлежни органи за вршење на инспекциски надзор во животната средина**

(1) Инспекцискиот надзор во животната средина се остварува на централно и на локално ниво.

(2) Надлежен орган за инспекциски надзор во животната средина на централно ниво е Државниот инспекторат за животна средина.

(3) Инспекциски надзор во животната средина на централно ниво се врши од страна на Државниот инспекторат за животна средина преку инспекторите за животна средина, инспекторите за заштита на природата и водостопанските инспектори (во натамошниот текст: државни инспектори).

(4) Инспекциски надзор во животната средина на локално ниво се врши од инспектори за животна средина на локално ниво, кои се распоредени во организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(5) Инспекторите од ставовите (3) и (4) на овој член вршат инспекциски надзор во животната средина согласно со надлежностите утврдени во овој закон и прописите од областа на животната средина, како и другите прописи во кои е пропишана нивна надлежност.

Член 8

**Државен инспектор**

(1) Државен инспектор за животна средина во Државниот инспекторат за животна средина може да биде лице со завршено високо образование од областа на природно-математичките науки (биологија, физика, географија, геологија, хемија и биохемија), техничко-технолошките науки (енергетика, градежништво и водостопанство, хемиско инженерство, хемиска технологија, индустриско инженерство и менаџмент, контрола на квалитет, машинство, материјали, металургија, применета геологија и геофизика, регулација и управување со технолошки процеси, рударство, животна средина), биотехничките науки (наука за земјиштето и хидрологија, заштита на растенија, растително производство, овоштарство, лозарство, добиточно производство (сточарство), рибарство, шумарство и хортикултура, преработка на дрво, биотехнологија и прехранбена технологија) и општествени науки (безбедност).

(2) Државен инспектор за заштита на природата во Државниот инспекторат за животна средина може да биде лице со завршено високо образование од областа на природно-математичките науки (биологија и биохемија), шумарство, геологија, инженерство на животната средина, агрономија и ветеринарна медицина.

(3) Водостопански инспектор во Државниот инспекторат за животна средина може да биде лице со завршено високо образование од областа на градежништвото.

(4) Покрај условите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, државниот инспектор треба да ги исполнува и општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници и посебните услови за вработување на инспектор утврдени во Законот за инспекциски надзор, како и посебните услови утврдени во актите за систематизација на работни места на Државниот инспекторат за животна средина.

(5) Со актот за систематизација на работни места на Државниот инспекторат за животна средина може да се определи инспектор да врши инспекциски надзор само за определена област и/или медиум на животната средина и/или за определени активности во секоја од областите или медиумите на животната средина.

(6) Заради поефикасно спроведување на прописите од областа на животната средина, директорот на Државниот инспекторат за животна средина може да определи државен инспектор да врши инспекциски надзор само за определена област и/или медиум на животната средина и/или за определени активности во секоја од областите или медиумите на животната средина за кои е надлежен.

Член 9

**Инспектори за животна средина на локално ниво**

(1) За спроведување инспекциски надзор во животната средина на подрачјето на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, градоначалниците на општината, општинита во градот Скопје и Градот Скопје, се должни да обезбедат најмалку едно лице вработено во локалната администрација кое исклучиво ќе ги врши работите на инспектор за животна средина на локално ниво.

(2) Инспектор за животна средина на локално ниво може да биде лице со завршено високо образование кое ги исполнува условите пропишани во членот 8 ставови (1) и (4) од овој закон.

(3) Општините кои имаат помалку од 20.000 жители, согласно со прописите за меѓуопштинска соработка можат да формираат заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина, односно да овластат едно лице вработено во локалната администрација како инспектор од една општина да ги врши работите на инспектор на подрачјата на повеќе општини на начин определен во спогодбата за воспоставување меѓуопштинска соработка.

(4) Градоначалниците на општините, општинита во градот Скопје и/или Градот Скопје може согласно со ставот (3) на овој член да определат одделна општина, односно општини преку своите инспектори да врши инспекциски надзор во животната средина само во определена област и/или медиум на животната средина или за определени активности во секоја од областите или медиумите на животната средина за кои се надлежни на подрачјето на сите општини на начин определен во спогодбата за воспоставување меѓуопштинска соработка.

(5) Заради поефикасно спроведување на прописите од областа на животната средина на локално ниво, градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, може да назначи инспектор за животна средина на локално ниво за определен период да врши инспекција само за определена област и/или медиум на животната средина и/или за определени активности во секоја од областите или медиумите на животната средина за кои е надлежен.

(6) Во спогодбата за воспоставување меѓуопштинска соработка со која се формира заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина, задолжително се определуваат обврските на инспекторите за животна средина на локално ниво согласно закон, подрачјето на кое ќе дејствуваат, распределбата на трошоците за вршење инспекциски надзор во животната средина, како и исполнувањето на други обврски кои произлегуваат од овој и друг закон, а се поврзани со вршење инспекциски надзор во животната средина.

(7) Во актот за систематизација на работни места на општините кои ја склучиле спогодбата од ставот (6) на

овој член, задолжително се утврдува дека инспекторите може да вршат и други работи определени во спогодбата за воспоставување на меѓуопштинска соработка.

## IV. ПЛАНИРАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 10

**Планирање на инспекциски надзор во животната средина**

Планирањето инспекциски надзор во животната средина се врши преку донесување на:

- Национална стратегија за инспекциски надзор во животната средина,
- Програма за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија,
- Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија и
- Месечен план за инспекциски надзор во животната средина.

Член 11

**Национална стратегија за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Согласно политиките и целите за животната средина утврдени во стратешките и планските документи за животната средина, како и целите утврдени во прописите од областа на животната средина, Владата на Република Северна Македонија на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина донесува Национална стратегија за инспекциски надзор во животната средина (во натамошниот текст: Стратегијата).

(2) Стратегијата од ставот (1) на овој член се донесува за период од шест години и истата се однесува на инспекциски надзор во животната средина на целата територија на Република Северна Македонија.

(3) Стратегијата особено содржи:

- генерален преглед на состојбата со спроведувањето на прописите од областа на животната средина,
- цели и мерки за подобрување на состојбата со спроведување на прописите од областа на животната средина,
- дефинирање приоритети за инспекциски надзор по медиуми и по области во животната средина во периодот за кој се донесува Стратегијата,
- начин на остварување соработка и координација меѓу државните инспектори и инспекторите за животна средина на локално ниво, како и со другите инспекциски служби на централно и на локално ниво,
- идентификување на потребите и областите на специјализирано стручно оспособување и усовршување на инспекторите,
- финансиски и човечки ресурси потребни за реализација на Стратегијата и
- други прашања, кои согласно со прописите за животна средина треба да бидат опфатени со Стратегијата.

(4) Надлежен орган за подготовка на Стратегијата е Државниот инспекторат за животна средина.

(5) Стратегијата може да се изменува и/или дополнува најмалку еднаш по истекот на три години од денот на нејзиното донесување, а по потреба и порано доколку изменувањето и/или дополнувањето се врши поради некои од случаите дадени во ставот (6) на овој член.

(6) Изменување и/или дополнување на Стратегијата задолжително се врши во следните случаи:

- промена на прописите за животна средина кои во голема мера влијаат на реализација на Стратегијата,
- значајна промена на активностите и/или дејностите во одредени индустриски сектори и/или области и/или медиуми на животната средина кои се предмет на Стратегијата и влијаат на нејзината реализација и
- доколку врз основа на резултатите од следењето на спроведувањето на Стратегијата е утврдено дека целите кои се поставени во истата се исполнети или пак зададените цели не придонеле кон подобрување на состојбата со животната средина и очекуваните резултати.

(7) При изработката на Стратегијата задолжително се почитува постапката за донесување на планските документи, изработувањето на прописите и учеството на јавноста во постапката согласно со одредбите од членот 61 од Законот за животната средина.

(8) Формата и содржината на Стратегијата од став (1) на овој член и начинот на следењето на реализацијата на Стратегијата ја пропишува министерот, кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина (во натамошниот текст: министерот) на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Член 12

**Програма за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија**

(1) За реализација на Стратегијата се донесува Програма за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Програма).

(2) Програмата се донесува за период од три години.

(3) Програмата особено содржи:

- приоритетни области и медиуми за инспекциски надзор во животната средина за периодот за кој се донесува Програмата,
- цели и мерки за унапредување на состојбата со спроведување на инспекцискиот надзор во планираниот период,
- податоци за регистар на субјекти на надзорот,
- планирање специјализирано стручно оспособување и усовршување на инспекторите,
- финансиски средства потребни за реализација на Програмата,
- потребни административни капацитети и распределување на обврските меѓу инспекциските служби за реализација на Програмата,
- цели, мерки и насоки за подготовка на Годишен план за работа на инспекциските служби од членот 14 од овој закон,
- индикатори за следење на реализација на Програмата и
- други прашања кои произлегуваат од прописите за животната средина и се значајни за спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина.

(4) Програмата ја донесува директорот на Државниот инспекторат за животна средина врз основа на предлог-програми подготвени од општините и од Градот Скопје.

(5) Општините во градот Скопје предлог- програмите од ставот (4) на овој член ги доставуваат до Градот Скопје, а Градот Скопје подготвува заедничка предлог-програма.

(6) Општините и Градот Скопје, предлог програмите од ставот (4) на овој член, ги доставуваат до Државниот инспекторат за животна средина во вториот квартал од последната година на спроведување на тековната Програма.

(7) Општините и/или Градот Скопје, кои имаат заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина согласно со членот 9 став (3) од овој закон, можат да достават заеднички предлог-програми до Државниот инспекторат за животна средина.

(8) Формата и содржината на Програмата од ставот (1) на овој член и начинот на следењето на реализацијата на Програмата ја пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Член 13
**Следење на реализација на Стратегијата и Програмата**

(1) Реализацијата на Стратегијата од членот 11 од овој закон и Програмата од членот 12 од овој закон ја следи Државниот инспекторат за животна средина.

(2) Државниот инспекторат за животна средина на секои три години, односно во последниот квартал во последната година на спроведување на тековната Програма од членот 12 од овој закон, поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија, со цел да ја извести за степенот на реализација на Стратегијата од членот 11 од овој закон и Програмата од членот 12 од овој закон.

(3) Извештајот од ставот (2) на овој член, Државниот инспекторат за животна средина го подготвува врз основа на:

- следењето на реализацијата на Стратегијата, на Програмата и на плановите од овој закон,
- извештаите за реализација на годишните планови за извршен инспекциски надзор во животната средина на централно и на локално ниво,
- степенот на остварување на целите и мерките утврдени во Стратегијата и во Програмата и
- врз основа на други податоци со кои располага Државниот инспекторат за животна средина, односно општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.

Член 14
**Годишен план за работа на инспекциската служба**

Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје подготвуваат Годишен план за работа на инспекциската служба согласно со одредбите од членот 33 од Законот за инспекциски надзор и истиот го доставуваат на мислење до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 15
**Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија**

(1) Врз основа на поединечно подготвените Годишни планови од страна на Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје од членот 14 од овој закон, Државниот инспекторат за животна средина подготвува Годишен план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија.

(2) Годишните планови од членот 14 од овој закон, градоначалникот на општината и градоначалникот на градот Скопје, ги доставуваат до Државниот инспекторат за животна средина најдоцна до 1 ноември во тековната година за наредната година.

(3) Градот Скопје доставува заеднички Годишен план за работа на инспекциските служби врз основа на посебно подготвените Годишни планови за работа на инспекциските служби на општините во градот Скопје од членот 14 од овој закон.

(4) Општините и/или градот Скопје, кои имаат заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина согласно со членот 9 став (3) од овој закон, доставуваат заеднички Годишен план за работа на инспекциските служби на општините и/или на Градот Скопје.

(5) Државниот инспекторат за животна средина доколку утврди дека постојат одредени пропусти во Годишните планови од членот 14 од овој закон, односно доколку истите не се во насока на реализација на Стратегијата од членот 11 од овој закон и Програмата од членот 12 од овој закон, е должен во рок од 15 дена да побара од општината и од градот Скопје да ги дополнат Годишните планови со задолжителните укажувања на направените пропусти и недостатоците во истиот.

(6) Градоначалникот на општината или на Градот Скопје се должни во рок од 15 дена од денот на добивањето на укажувањата од ставот (5) на овој член да достават дополнет предлог Годишен план до Државниот инспекторат за животна средина.

(7) Во случаите од ставот (5) на овој член, Град Скопје врши дополнување на Годишниот план во соработка со општините во градот Скопје.

(8) Доколку градоначалникот од став (6) на овој член не постапи во дадениот рок по дадените укажувања од ставот (5) на овој член, Државниот инспекторат за животна средина во Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија ќе ги вклучи и активностите што произлегуваат од укажувањата доколку смета дека се неопходни за спроведување инспекциски надзор во животната средина.

Член 16
**Содржина на Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија**

(1) Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија покрај барањата од членот 33 од Законот за инспекциски надзор, особено содржи:

- годишни цели на инспекцискиот надзор во животната средина во тековната година,
- области и медиуми на инспекциски надзор во тековната година,
- планирани редовни инспекциски надзори во животната средина на целата територија на Република Северна Македонија,
- годишни активности за специјализирано стручно усовршување и оспособување и на инспекторите,
- финансиски средства за реализација на Годишниот план,
- начини и области на соработка и координација со релевантните органи и институции при вршењето на планираниот инспекциски надзор;
- индикатори за следење на исполнетост на Годишниот план и
- други податоци значајни за вршење инспекциски надзор во животната средина на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Во Годишниот план од ставот (1) на овој член задолжително се определува начинот на кој се врши следењето на реализацијата на планот.

(3) Годишниот план од ставот (1) на овој член за наредната година се донесува најдоцна до 30 декември во тековната година.

(4) Годишниот план од ставот (1) на овој член се објавува на веб-страницата на Државниот инспекторат за животна средина.

(5) Формата и содржината на Годишниот план од ставот (1) на овој член, начинот на неговата подготовка и донесување, како и начинот на следењето на неговата реализација ја пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Член 17
**Следење на реализацијата на Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија**

(1) Државниот инспекторат за животна средина подготвува заеднички годишен извештај за реализација на Годишниот план од членот 16 од овој закон.

(2) Државниот инспекторат за животна средина извештајот од ставот (1) на овој член го објавува на својата веб-страница најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член, како и начинот и постапката за негова подготовка го пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Член 18
**Месечен план за работа**

За реализација на Годишниот план за инспекциски надзор во животната средина на Република Северна Македонија директорот на Државниот инспекторат за животна средина, односно градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и Град Скопје донесуваат месечен план за работа на секој инспектор согласно со одредбите од членот 34 од Законот за инспекциски надзор.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Член 19
**Посебни услови за работа, права и обврски на инспекторите**

(1) За вршење инспекциски надзор во животната средина, покрај општите услови за работа утврдени во прописите за работни и административни односи, на инспекторите треба да им се обезбедат и посебни услови за работа со кои ќе се гарантира соодветен степен на заштита и тоа:

- обезбедување соодветна опрема, превоз и средства за вршење инспекциски надзор согласно со видот на надзорот,
- користење заштитна опрема за лична безбедност за време на вршење на инспекцискиот надзор доколку постои опасност по здравјето и безбедноста на инспекторот и
- осигурување од ризици настанати при работа согласно со закон.

(2) Во исклучителни случаи, заради спречување односно отстранување на негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето, инспекторот може подолго од полното работно време да биде задолжен да врши работни задачи.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, за прекувремено ангажирање ќе се смета:

- времето надвор од редовното работно време на инспекторот во кое треба да биде достапен и подготвен веднаш да одговори на повик за да спроведе инспекциски надзор на лице место и
- времето надвор од редовното работно време на инспекторот во кое тој престојува на местото каде се спроведува инспекцискиот надзор заради спроведување мерки за спречување односно отстранување на негативното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

(4) Во случаите од ставот (3) алинеја 2 на овој член, на инспекторите им се определува додаток согласно со Законот за административните службеници.

Член 20
**Специјализирано стручно оспособување и усовршување на инспекторите**

(1) За реализација на обврските кои произлегуваат од прописите за инспекциски надзор во животната средина, инспекторот има право и должност на континуирано специјализирано стручно оспособување и усовршување.

(2) Државниот инспекторат за животна средина во соработка со инспекторите за животна средина на локално ниво во организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, подготвуваат Програма за специјализирани стручни обуки врз основа на Стратегијата од членот 11 од овој закон.

(3) Програмата за специјализирани стручни обуки од ставот (2) на овој член задолжително содржи:

- анализа на потребите за специјализирано стручно оспособување и усовршување за вршење на инспекциски надзор во животната средина,
- специјализирани области за стручно оспособување и усовршување,
- начинот на спроведување на специјализираното стручно оспособување и усовршување и
- потребните финансиски ресурси, како и временска рамка за реализација на предлогот.

(4) Програмата за специјализирани стручни обуки од ставот (2) на овој член се ажурира на секои три години и истата е дел од Програмата од членот 12 од овој закон, во која се определени и потребните средства за нејзино спроведување.

## VI. СПРОВЕДУВАЊЕ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 21
**Видови инспекциски надзор во животната средина**

Инспекцискиот надзор во животната средина се спроведува согласно со Законот за инспекциски надзор како:

- Редовен инспекциски надзор,
- Вонреден инспекциски надзор и
- Контролен инспекциски надзор.

Член 22
**Редовен инспекциски надзор**

Редовен инспекциски надзор е надзорот, кој е планиран однапред, со предвиден распоред согласно Годишниот план од членот 14 од овој закон и месечниот план од членот 18 од овој закон.

Член 23
**Вонреден инспекциски надзор**

(1) Вонреден инспекциски надзор се врши по службена должност или врз основа на пријава/иницијатива поднесена од физичко или од правно лице, орган на државна управа или од општините, општините во градот Скопје и од Градот Скопје, налог на Инспекцискиот совет, како и по писмена наредба на министерот, директорот на Државниот инспекторат за животна средина, односно раководното лице кое раководи со инспекциската служба, односно градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје во чиј состав се наоѓа организациската единица за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво доколку:

- се поднесени пријави и иницијативи кои укажуваат на постоење загрозување на животната средина и здравјето на луѓето,
- настанала или кога постои опасност од хаварија или инцидент, која може да има влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето,
- се добиени сознанија дека е направено прекршување на условите пропишани во прописите или актите со кои е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста поради нивното негативно влијание врз животната средина,
- е потребно преземање дополнителни мерки за спроведување на прописите од областа на животната средина,
- при настанување измени во прописите за заштита на животната средина со што се менуваат условите на вршењето на дејноста и/или активноста и
- кога согласно со закон е пропишано дека е потребно спроведување инспекциски надзор за издавање, измена или ревизија на актот со кој е регулирано вршењето на дејноста или во друг случај пропишан со закон.

(2) Вонреден инспекциски надзор се врши на начин пропишан во членот 71 од Законот за инспекциски надзор, како и согласно со актите донесени од директорот на Државниот инспекторат за животна средина, со кои се определуваат одредени специфичности соодветни за природата на надзорот во животната средина.

(3) Во случаите од ставот (1) алинеи 1 и 2, кога ќе се утврди постоење непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето од поголем размер или од значително влијание, инспекторот вонредниот инспекциски надзор го врши веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по дознавањето за причината за вонреден инспекциски надзор.

(4) Секое физичко лице кое има сознание дека постои загрозување на животната средина и здравјето на луѓето може да пријави и во полициска станица и еколинија.

(5) Државниот инспекторат за животна средина е должен да обезбеди еколинија од ставот (4) на овој член.

Член 24
**Контролен инспекциски надзор**

Контролен инспекциски надзор се врши по службена должност согласно со членот 76 од Законот за инспекциски надзор.

Член 25
**Право на пристап**

(1) Државниот инспектор врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот, во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно од стручниот орган, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина, како и со акт издаден од друг орган на државната управа кога согласно со закон е пропишана таква обврска.

(2) Инспектор за животна средина на локално ниво врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од општината, општината во градот Скопје, односно од Град Скопје, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина.

(3) Државниот инспектор врши инспекциски надзор во секое време и на лице место, по издаден налог или наредба согласно со членот 23 од овој закон, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста доколку добие сознание или е известен дека инспекторот за животна средина на локално ниво не постапил по основа на добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање.

(4) Доколку инспекторот за животна средина на локално ниво има сознание дека постојат неправилности во субјектите на надзорот за кои надлежен да постапува е државниот инспектор, должен е без одлагање да го информира Државниот инспекторат за животна средина.

(5) При вршењето инспекциски надзор, по потреба и на барање на инспекторот, може да присуствува службено лице од стручниот орган, односно од организациската единица за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирана во рамките на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, како и претставници на други стручни установи и правни лица ако за утврдување важни факти или околности е потребно стручно мислење.

(6) На барање на инспекторот, овластеното службено лице на органот на државната управа надлежен за внатрешни работи е должно да учествува при спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(7) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право на пристап во технолошките, производствените и други процеси, коишто се дел од дејностите и/или на активностите на субјектот на надзорот.

(8) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување докази потребни за спроведување прекршочна или кривична постапка.

Член 26
**Земање примероци за анализа**

(1) Посебните дејства во инспекциската постапка кои се однесуваат на земање примероци за анализа се спроведуваат согласно со Законот за инспекциски надзор.

(2) При водење на инспекциската постапка, инспекторот во случај на итна и неодложна ситуација, а заради идентификација на изворите и обемот на загадувањето, може да земе примероци за анализа од вода, воздух и почва, супстанци и материи кои се испуштаат во животната средина, суровини, отпадни материи, производи и друго.

(3) Во редовна постапка, за земање на примероците од ставот (2) на овој член и вршење лабораториски анализи од областа на животна средина инспекторот ангажира субјект кој поседува соодветна акредитација согласно прописите за акредитација и посебните закони.

(4) Начинот на земање примероци за анализа од ставот (2) на овој член го пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

Член 27
**Собирање и обезбедување докази**

(1) Секое физичко или правно лице, по барање на инспекторот ги прави достапни сите информации, вклучувајќи ги и материјалните и економските податоци, кои се важни за проценување на состојбата што е предмет на инспекциски надзор.

(2) Инспекторот, со цел да го утврди влијанието врз животната средина, има право:

1) од субјектот на надзорот да побара да му се достават резултатите од извршените испитувања, анализи и мерења согласно со прописите за животна средина;

2) од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци, да се анализираат и да се измерат супстанците и материите што се испуштаат во животната средина, како и бучавата и вибрациите;

3) од субјектот на надзорот да побара да се земат примероци и да се анализираат материјалите и производите, употребени или процесирани, суровините и отпадните производи доколку има такви;

4) да врши фотографирање, снимање или на друг начин да спроведува бележење на настанатата состојба;

5) од субјектот на надзорот да побара да се разјаснат причините кои предизвикуваат загадување и деградација на животната средина;

6) да земе изјави од одговорните, службените, овластените и лицата кои се затечни, како и од други лица релевантни за утврдување на нивото и видот на загадувањето;

7) да изврши анализа или од субјектот на надзорот да побара да се изврши мерење, испитување и анализа на емисии согласно со посебните прописи од областа на животната средина и

8) да преземе и други дејства или активности со цел обезбедување докази кои се релевантни за утврдување на фактичката состојба.

Член 28

**Одземање предмети**

(1) Инспекторот може привремено да одземе документи или други предмети (движни ствари) од жива и нежива природа доколку смета дека истите се неопходни и можат да послужат како доказен материјал во прекршочна или во кривична постапка или доколку е потребно да се спречи некоја потешка последица врз здравјето на луѓето и животната средина.

(2) За одземените предмети од ставот (1) на овој член инспекторот задолжително на субјектот од којшто се одземени предметите му издава потврда согласно со одредбите од членот 93 од Законот за инспекциски надзор.

(3) Привремено одземените документи и/или предмети од ставот (1) на овој член мора да се чуваат во соодветни простории во Државниот инспекторат за животна средина или во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, или други субјекти кои согласно со закон ги исполнуваат условите за чување на одземените документи и/или предмети за истите до денот на нивното предавање до Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија да останат неоштетени и непроменети и безбедни од отуѓување.

(4) Трошоците за чување и складирање на одземените документи и/или предмети паѓаат на товар на субјектот од кој се одземени.

(5) Одземањето на предметите од ставот (1) на овој член и постапувањето со истите се врши согласно со прописите за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Член 29

**Трошоци од инспекциска постапка**

(1) Трошоците настанати за активности спроведени за време на редовен инспекциски надзор се на товар на Државниот инспекторат за животна средина, односно на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, трошоците за спроведениот инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекцискиот надзор заврши со изрекување инспекциска мерка, освен за опомена.

(3) Трошоците за активностите спроведени за вонреден инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекциската постапка заврши со изрекување инспекциска мерка.

(4) Трошоците за активностите спроведени при контролен инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот.

(5) Доколку при спроведување инспекциски надзор постои потреба од земање примероци и се спроведени анализи и мерења согласно со членовите 26 и 27 од овој закон, трошоците се на товар на субјектот на надзорот доколку со анализите и мерењата е утврдено дека ги прекршил прописите од областа на животната средина.

(6) Доколку анализите и мерењата согласно со членовите 32 и 33 од овој закон, покажат дека субјектот на надзорот не направил прекршување на прописите за животна средина, трошоците на инспекцискиот надзор се на товар на Државниот инспекторат за животна средина, односно општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.

(7) Трошоците за спроведен инспекциски надзор од државен инспектор се уплаќаат од страна на субјектот на надзорот на посебна сметка на буџетот на Република Северна Македонија, а истите ќе се користат за покривање на трошоците од извршениот инспекциски надзор, како и за покривање на трошоците за извршените анализи и мерења.

(8)Трошоците за спроведен инспекциски надзор од инспектор за животна средина на локално ниво се уплаќаат од страна на субјектот на надзорот на посебна сметка на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје и, а истите ќе се користат за покривање на трошоците од извршениот инспекциски надзор, како и за покривање на трошоците за извршените анализи и мерења.

(9)Утврдувањето на висината на трошоците за спроведување на инспекцискиот надзор, се врши согласно со реалните трошоци направени при вршењето на инспекцискиот надзор, како и реалните трошоци направени за спроведените анализи и мерења, како и трошоците за превоз.

(10) За трошоците на постапката, кои се познати во моментот на донесувањето на решението од страна на инспекторот се одлучува во самото решение, а доколку трошоците не се познати во моментот на донесување на решението се одлучува со посебно решение.

(11) Видот и начинот на пресметка на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина ги пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

## VII. АКТИ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 30

**Инспекциски акти**

(1) Инспекторот е должен при вршењето на инспекцискиот надзор во животната средина задолжително да ги применува актите и прописите донесени согласно со Законот за инспекциски надзор и одредбите од овој закон.

(2) За спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина, директорот на Државниот инспекторат за животна средина донесува упатства и процедури кои задолжително се применуваат во вршењето на надзорот.

(3) При вршење на инспекциски надзор во животната средина, инспекторот со решение изрекува опомена и со решение изрекува други инспекциски мерки согласно со одредбите на овој закон, Законот за инспекциски надзор и прописите за животна средина.

Член 31

**Записник од извршен инспекциски надзор**

(1) За спроведениот инспекциски надзор инспекторот составува писмен записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор согласно со членот 82 од Законот за инспекциски надзор.

(2) Во записникот од ставот (1) на овој член се забележува утврдената фактичка состојба со детален опис, констатираните и утврдени неправилности и недостатоци, забелешки и изјави од присутните лица и други релевантни факти и околности.

(3) Кон записникот од ставот (1) на овој член, до субјектот на надзорот се приложуваат документи, акти, фото-документација направена на самото место, извештаи и друго доколку инспекторот смета дека се релевантни за утврдување на фактичката состојба.

(4) Записникот од ставот (1) на овој член го потпишуваат инспекторот и субјектот на надзорот и еден примерок од записникот му се предава на субјектот на надзорот.

(5) Во случај кога инспекцискиот надзор се врши без присуство на претставник на субјектот на надзорот, записникот се доставува до субјектот на надзорот по пошта.

(6) Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на надзорот не се произнесе за записникот или не го врати потпишан, се смета дека е согласен со неговата содржина.

(7) Доколку поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа или други околности не е можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, записникот може да се состави во службените простории на Државниот инспекторат за животна средина, односно во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје во рок од три дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор и при тоа во записникот се наведува образложение зошто записникот е составен во службените простории на Државниот инспекторат за животна средина, односно во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, инспекторот повикува претставник на субјектот на надзорот во службените простории на Државниот инспекторат за животна средина, односно општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје да го потпише записникот, во рок не подолг од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

(9) Доколку субјектот на надзорот од ставот (8) на овој член, одбие да го потпише записникот или не дојде во службените простории на Државниот инспекторат за животна средина, односно во општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје во предвидениот рок, инспекторот ќе го наведе тоа во записникот.

(10) Доколку при вршење на инспекциски надзор не се утврдени неправилности, или неправилностите се отстранети во текот на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот.

Член 32

**Опомена**

(1) При вршење инспекциски надзор доколку инспекторот констатира неправилност од помал обем која како таква е пропишана во прописите од областа на животната средина, со решение изрекува мерка опомена, во кое е определен рокот во кој треба да се отстранат недостатоците и неправилностите утврдени со записникот од членот 31 од овој закон.

(2) Доколку инспекторот од ставот (1) на овој член утврди дека субјектот не постапил во дадениот рок, со решение изрекува друга инспекциска мерка согласно со членот 33 од овој закон и прописите од областа на животната средина.

Член 33

**Решение**

(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека субјектот на надзорот не се придржува кон прописите од областа на животната средина, дадените стандарди и други акти со кои е регулирана активноста/дејноста, инспекторот со решение изрекува инспекциски мерка со која дава:

- задолжување/наредба за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале со загадување или со деградација на животната средина и на природата и доведување на животната средина во претходна состојба,

- забрана, која може да се однесува на целокупната работа на субјектот, на дел од инсталацијата, на употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови,

- ограничување на употребата на технологија, технолошка линија на производи, полупроизводи, суровини, опрема, апарати и уреди кои имаат штетно дејство и кои не ги исполнуваат пропишаните услови или ограничување на обемот на активноста/дејноста кои предизвикуваат штетни последици врз животната средина, кое се однесува на конкретен временски период во денот или друг временски период во кој се врши активноста/дејноста што предизвикува штетни последици врз животната средина,

- задолжување за преземање на превентивни мерки и

- други мерки определени со посебните прописи од областа на животната средина.

(2) Во решението се определува рокот за реализација на инспекциските мерки од ставот (1) на овој член за отстранување на неправилностите и штетните последици.

(3) Инспекциските мерки за отстранување на неправилностите и штетните последици што настанале како резултат на непочитување на прописите, инспекторот може да ги определи во соработка со стручниот орган, односно организациската единица за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирана во рамките на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје.

(4) Ако при вршењето на контролниот инспекциски надзор, инспекторот утврди дека рокот утврден со решението од ставот (2) на овој член очигледно не е доволен за субјектот на надзорот да ги преземе утврдените мерки во решението, инспекторот може да определи дополнителен рок кој доколку не е определен согласно со посебните закони не може да изнесува повеќе од 120 дена.

(5) Доколку субјектот на надзорот не постапи согласно со решението на инспекторот од ставот (1) на овој член и не ги отстрани причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна, односно кривична постапка пред надлежен орган.

(6) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека субјектот на надзорот не се придржува кон законите и другите прописи, техничките прописи, стандарди и други општи акти и покрај определувањето на рокот во решението во кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот може да поднесе барање за поведување прекршочна, односно кривична постапка пред надлежниот орган.

(7) Во случај кога ќе се утврди постоење на непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, инспекторот може да издаде усно решение за итно и неодложно отстранување на утврдените недостатоци кои ги констатирал при увидот со записник.

(8) Ако констатираните неправилности од ставот (7) на овој член претставуваат опасност за животната средина, животот и здравјето на луѓето, инспекторот може веднаш да издаде усно решение, со кое го забранува вршењето на дејноста и/или активностите, како и да забрани употреба на средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активност.

(9) Во случаите од ставовите (7) и (8) на овој член, инспекторот донесува писмено решение во рок од осум дена од денот на донесувањето на усното решение.

(10) Против решението на инспекторот од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор.

(11) Решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член можат да бидат издадени, односно поднесени и во форма на електронски документи

кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) По исклучок на ставот (11) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, решението од ставот (1) на овој член и жалбата од ставот (10) на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подносителот на жалбата, односно надлежниот орган, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 34

**Стандардни оперативни процедури**

(1) Инспекторот при вршење на инспекциски надзор ги користи донесените стандардни оперативни процедури.

(2) Стандардните оперативни процедури претставуваат збир на пишани инструкции во кои се опишуваат процедурите и процесите при вршење на инспекциски надзор со преземање на соодветни мерки, со определување на улогите и обврските на засегнатите страни во инспекцискиот надзор.

(3) Во стандардните оперативни процедури можат да се вклучат и користат листи на проверка од членот 35 од овој закон, кои претставуваат дел од процедурата.

(4) Стандардните оперативни процедури ги донесува директорот на Државниот инспекторат за животна средина и истите се објавуваат на веб-страницата на Државниот инспекторат за животна средина.

(5) Изменување и/или дополнување на стандардните оперативни процедури се прави периодично, по потреба.

Член 35

**Листи на проверка**

(1) Инспекторите при вршење инспекциски надзор задолжително користат листи на проверка.

(2) Употребата на листи на проверка при вршење на инспекцискиот надзор ќе овозможи обезбедување релевантни, специфични и објективни податоци/информации за идентификување на влијанијата кои ги врши или може да ги врши субјектот на надзор врз животната средина.

(3) Листата на проверка ги содржи најмалку следниве елементи:

- општи податоци за субјектот на надзор, вклучително и документацијата со која ја има регулирано дејноста/активноста согласно со прописите од областа на животната средина,
- специфични податоци за субјектот на надзор кои се однесуваат на влијанијата врз медиумите и областите од животната средина и негово постапување и усогласеност со прописите и
- простор за дополнителни информации, во кои се внесуваат забелешки.

(4) За добивање податоци и информации во листите на проверка може да се користат формулари со поставени прашања на едноставен начин, кои се разбирливи и насочени, со цел одговорите на прашањата да бидат точни, кратки и прецизни.

(5) Податоците од листите на проверка соодветно се вградуваат во записникот од направениот надзор, како и во другите инспекциски акти доколку е потребно.

(6) Листите на проверка ги донесува соодветната инспекциската служба од членот 7 од овој закон и истите се објавуваат на веб- страницата на инспекциската служба.

(7) Инспекциската служба од членот 7 од овој закон врши ажурирање на листите за проверка најмалку еднаш годишно, а по потреба и повеќе.

Член 36

**Методологија за проценка на ризик и зачестеноста на спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина**

(1) Влијанието на дејноста и/или активноста што ја врши субјектот на надзор врз животната средина се утврдува врз основа на проценка на ризикот врз животната средина.

(2) Покрај начинот на спроведување проценка на ризикот утврден во членот 32 од Законот за инспекциски надзор, за да се утврди влијанието на дејноста и/или активноста врз животната средина, можат да се користат дополнителни специфични критериуми за процена на ризикот врз животната средина.

(3) Специфичните критериуми од ставот (2) на овој член ги утврдува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина согласно со методологијата, критериумите и упатствата за инспекциски надзор во животната средина кои се користат во Европската Унија и истите се разликуваат во зависност од видот и специфичностите на инсталацијата, односно субјектот на надзорот.

(4) За проценка на ризикот во животна средина од ставот (1) на овој член можат да се употребуваат софтверски алатки и математичко моделирање.

(5) Директорот на Државниот инспекторат за животна средина донесува методологија за спроведување на процената на ризикот врз животната средина од ставот (1) на овој член за определени дејности и/или активности, согласно со која се планира инспекцискиот надзор во животната средина и се определува зачестеноста на вршење на инспекциски надзор на определени субјекти.

Член 37

**Извештај од извршен инспекциски надзор за дејности и активности кои имаат значително влијание врз медиумите и областите на животната средина**

(1) За спроведувањето инспекциски надзор над субјектите на надзорот кои вршат активности и/или дејности за кои е потребно поседување интегрирана еколошка дозвола инспекторот е должен, покрај инспекциските акти, да изработи и извештај од извршен инспекциски надзор.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се подготвува врз основа на спроведен инспекциски надзор и истиот содржи:

- детален опис на фактичката состојба врз основа на која се утврдува исполнетоста на условите за работа на субјектот на надзорот пропишани во инспекцискиот акт,
- предлози за исполнување на условите за работа на субјектот на надзорот и
- заклучоци со предлог идни активности за подобрување на работата на субјектот на надзорот.

(3) При подготовката на извештајот од ставот (1) на овој член, инспекторот е должен да ги разгледа и да ги земе во предвид сите претходни извештаи со кои располага субјектот на надзорот, податоците од мониторингот извршен од субјектот на надзорот, како и други документи и податоци потребни за испитување на целосното влијание кое субјектот на надзорот го има врз животната средина.

(4) Составен дел од извештајот од ставот (1) на овој член се инспекциските акти издадени согласно со Законот за инспекциски надзор и прописите од областа на животната средина.

(5) Инспекторот, предлог-извештајот од ставот (1) на овој член во рок од два месеца од извршениот инспекциски надзор го доставува до субјектот на надзорот.

(6) Субјектот на надзорот во рок од седум дена од денот на добивањето на предлог- извештајот од ставот (5) на овој член може да достави забелешки по истиот.

(7) Доколку во рокот определен во ставот (6) на овој член, субјектот не достави забелешки ќе се смета дека се согласува со истиот.

(8) По истекот на рокот од ставот (5) на овој член, но не подоцна од истекот на четири месеци од извршениот инспекциски надзор, инспекторот го доставува финалниот извештај до субјектот на надзорот.

(9) Финалниот извештај од ставот (8) на овој член, се објавува на веб-страницата на инспекциската служба од членот (7) од овој закон во рок од пет дена од неговото донесување.

(10) Формата и содржината на извештајот од ставот (1) на овој член, начинот на неговата подготовка и неговото објавување ги пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

(11) Извештајот од ставот (1) на овој член може да биде подготвен и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## VIII. ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 38
**База на податоци за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Државниот инспекторат за животна средина воспоставува и води електронска база на податоци за инспекциски надзор во животната средина.

(2) Базата на податоци од ставот (1) на овој член содржи податоци за преземени активности во инспекцискиот надзор во животната средина на централно и на локално ниво.

(3) Инспекторот во базата на податоци од ставот (1) на овој член задолжително ги внесува потребните податоци за извршените инспекциски активности.

(4) Државниот инспекторат за животна средина се грижи за доставување и размена на податоците за инспекциски надзор во животната средина на централно и на локално ниво, како и со другите органи на државната управа.

(5) При вршењето на размената на податоците од ставот (4) на овој член се користи Националната платформа за интероперабилност согласно со прописите за електронско управување и електронски услуги.

(6) Формата и содржината, начинот на водење и одржување на базата на податоци, како и начинот на размена на информации меѓу Државниот инспекторат за животна средина и општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје и со други органи на државната управа, ја пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

(7) Со актот од ставот (6) на овој член, се определуваат податоците и начинот на кој истите ќе бидат достапни на јавноста.

Член 39
**Регистар за субјекти на инспекциски надзор во животната средина**

(1) Државниот инспекторат за животна средина воспоставува и води електронски Регистар на субјекти на инспекциски надзор во животната средина кој е дел од базата на податоци за инспекциски надзор во животната средина од членот 38 од овој закон.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член содржи најмалку податоци за субјектите на надзорот и тоа:

1) основни податоци за субјектот на надзорот (име и презиме/назив, адреса и/или седиште);

2) видот на дејноста/активноста која ја врши;

3) видот на актот согласно со кој субјектот ја врши дејноста и

4) други податоци кои се значајни за инспекцискиот надзор.

(3) Регистарот од ставот (1) на овој член се ажурира најмалку еднаш годишно.

(4) Формата, содржината, како и начинот на водење на Регистарот, ја пропишува министерот на предлог на директорот на Државниот инспекторат за животна средина.

(5) Со актот од ставот (4) на овој член, се определува на кој начин и кои податоците се достапни на јавноста.

## IX. СОРАБОТКА ВО ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 40
**Меѓународна соработка на Државниот инспекторат за животна средина**

(1) Државниот инспекторат за животна средина остварува меѓународна соработка, преку членување во меѓународни организации и мрежи кои дејствуваат во областа на спроведување инспекциски надзор во животната средина.

(2) Државниот инспекторат за животна средина остварува меѓународна соработка со органи на државните управи на други држави кои дејствуваат во областа на спроведување инспекциски надзор во животната средина.

(3) Државниот инспекторат за животна средина со цел спречување прекугранични негативни влијанија врз животната средина, како и заради спроведување меѓународни договори од областа на животната средина, соработува со надлежните органи на државната управа на други држави кои дејствуваат во областа на спроведување инспекциски надзор во животната средина, како и да спроведува заеднички инспекциски надзор во животната средина.

Член 41
**Соработка и координација меѓу централно и локално ниво во областа на инспекцискиот надзор во животната средина**

(1) Државниот инспекторат за животна средина се грижи и остварува соработка и координација со општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје со цел подобрување на инспекцискиот надзор на централно и на локално ниво во областа на животната средина.

(2) За остварување соработка и координација од ставот (1) на овој член, директорот на Државниот инспекторат за животна средина може да формира времени работни тела и постојани работни тела со претставници од Државниот инспекторат за животна средина и организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(3) Времените работни тела од ставот (2) на овој член се формираат за одредена конкретна активности за точно определен временски период и тоа најмалку за период од еден месец, а најмногу за период од една година.

(4) Државниот инспекторат за животна средина во соработка со општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје:

- ја следат состојбата со човечките ресурси во областа на инспекциски надзор за животната средина и даваат предлози за нејзино подобрување,

- дефинираат критериуми за формирање заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина,

- воспоставуваат мрежа на инспектори и стручни лица кои имаат придонес во зајакнување на капацитетите за спроведување инспекциски надзор во животната средина,

- предлагаат остварување меѓународна соработка во инспекцискиот надзор за животната средина,

- ги следат обврските кои произлегуваат од прописите за животна средина во однос на спроведувањето на инспекцискиот надзор и

- други работи за кои ќе се јави потреба за соработка и координација во насока на подобрување на инспекцискиот надзор во животната средина.

(5) Со критериумите од ставот (4) алинеја 2 на овој член се утврдува обемот на активностите за формирање заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, големината на подрачјето и обемот на активности кои можат да му бидат доделени на еден овластен инспектор, како и потребниот број овластени инспектори согласно со големината на подрачјата на општините, општините во градот Скопје, односно Градот Скопје, кои формираат заедничка администрација за вршење на инспекциски надзор во животната средина.

## X. НАДЗОР

### Член 42

**Надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје**

(1) Надзорот над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Министерот формира Комисија за надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон на локално ниво.

(3) За спроведување на надзорот од ставот (1) на овој член, министерот најдоцна до 1 март во тековната година донесува План за надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(4) Планот од ставот (3) на овој член се објавува на веб-страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во рок од пет дена од денот на неговото донесување.

### Член 43

**Надлежности во вршењето на надзорот**

(1) При вршењето надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за спроведување на овој закон на локално ниво, Комисијата од членот 42 став (2) од овој закон:

- проверува дали општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје имаат определено инспектор за животна средина на локално ниво или е формирана заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина согласно со членот 9 од овој закон;

- оценува дали општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје ги следат и реализираат планските документи согласно со одредбите од овој закон;

- дали инспекторите за животна средина на локално ниво, инспекцискиот надзор во животната средина го спроведуваат согласно со актите и прописите за вршење инспекциски надзор во животната средина донесени согласно овој закон и

- дали инспекторите за животна средина на локално ниво ги доставуваат односно ги внесуваат податоците во базата на податоци за инспекциски надзор во животната средина.

(2) За надзорот спроведен од ставот (1) на овој член, Комисијата од членот 42 од овој закон подготвува извештај кој го доставува до Државниот инспекторат за животна средина и до организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје над кои се спроведува надзорот, како и до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Доколку при вршење на надзорот се констатирани недостатоци, во извештајот од ставот (2) на овој член, задолжително се:

- укажува на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за пречекорување на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба,

- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје и им се дава насоки и утврдува мерки, како и им се определува рок во кој треба да ги отстранат утврдените недостатоци,

- даваат препораки за доследно спроведување на надлежностите утврдени со овој закон и други закони за инспекциски надзор во животната средина на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје и

- даваат иницијативи и предлози до општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје.

(4) Извештајот од ставот (2) на овој член се доставува до градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и до градоначалникот на Градот Скопје и се определува рок во кој треба да се отстранат констатираните недостатоци, односно да се постапи согласно со дадените насоки и мерки во остварувањето на нивната надлежност.

(5) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје е должен да постапи согласно со насоките и мерките дадени во извештајот од ставот (2) на овој член, во рокот определен во извештајот.

(6) Доколку градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје не ги преземе утврдените насоки и мерки во определениот рок од извештајот од ставот (2) на овој член, министерот е должен да достави известување до градоначалникот во рок од 15 дена од денот на истекот на последниот рок утврден во извештајот од ставот (4) на овој член да постапи согласно со ставот (5) на овој член.

(7) Доколку во рок од 60 дена од денот на доставувањето на известувањето од ставот (6) на овој член градоначалникот на општината, градоначалникот на оп-

штината во градот Скопје и градоначалникот на Градот Скопје не постапат согласно со утврдените насоки и мерки и не ги отстранат утврдените недостатоци во извештајот од ставот (2) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го задолжува Државниот инспекторат за животна средина да постапи по утврдените насоки и мерки и да ги отстрани недостатоците доколку е тоа возможно, во име и за сметка на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје , во рок од една година.

(8) За преземањето на работите од ставот (7) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина го известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

(9) Доколку и по истекот на рокот од ставот (7) на овој член не се отстранат недостатоците утврдени во извештајот од ставот (2) на овој член за спроведување на инспекцискиот надзор во животната средина, против градоначалникот на општината, општините во градот Скопје и Градот Скопје, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, поведува прекршочна постапка согласно со прекршочните одредби од членот 44 од овој закон.

## XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 44
**Прекршочни санкции**

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје, односно директорот на Државниот инспекторат за животна средина доколку:

- не ги подготви и достави во определениот рок планските документи за инспекциски надзор во животната средина согласно со одредбите од членовите 12 и 15 од овој закон,
- не ја следи реализацијата на планските документи за инспекциски надзор во животната средина согласно со одредбите од членовите 13 и 17 од овој закон и
- не постапи согласно со извештајот за спроведен надзор од членот 43 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инспекторот доколку не спроведува инспекциски надзор во животната средина согласно со одредбите од овој закон.

(3) Барање за поведување прекршочна постапка за прекршоците од ставот (1) на овој член може да поднесе министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, додека барање за поведување прекршочна постапка за прекршоците од ставот (2) на овој член може да поднесе раководителот на организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје надлежни за спроведување на овој закон и непосредниот раководител на инспекторот.

(4) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од ставовите (1) и (2) на овој член е надлежниот суд.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

## XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 45
**Донесување плански документи за инспекциски надзор во животната средина**

(1) Градоначалниците на општината, општината во градот Скопје и на Градот Скопје се должни во администрацијата на општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје најдоцна до 31 декември 2022 година да определат најмалку еден инспектор за животна средина на локално ниво кој исклучиво ќе ги врши работите на инспекциски надзор во животната средина согласно со членот 9 став (1) од овој закон или да воспостават заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во животната средина согласно со членот 9 став (3) од овој закон.

(2) Стратегијата од членот 11 од овој закон и Програмата од членот 12 од овој закон треба да се донесат најдоцна во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 46
**Донесување прописи**

(1) Подзаконските прописи за спроведување на овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

### Член 47
**Престанок на важење на одредбите од други прописи**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 194 ставови (6) и (7), 196, 197, 205, 205-а, 206, 207, 207-а, 208, 208-а, 209 и 211 став (1) точките 24) и 25) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), членот 170 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 150/21) и членот 231 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21).

### Член 48
**Одложна примена**

Одредбите од членот 37 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2024 година.

### Член 49
**Влегување во сила**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**L I GJ**
**I MBIKËQYRJES SË INSPEKTIMIT MJEDISOR (*)**

I. DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

Neni 1
**Lënda e rregullimit**

Ky ligj rregullon planifikimin dhe zbatimin e inspektimit mjedisor, parimet, organizimin, të drejtat dhe detyrimet e inspektorëve, aktet për inspektimin mjedisor, ngritjen e sistemit të informacionit për inspektimin mjedisor, si dhe realizimin e bashkëpunimit. në inspektim.mbikëqyrja mjedisore

Neni 2
**Zbatimi subsidiar i ligjeve të tjera**

(1) Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes së inspektimit në mjedis, përveç dispozitave të këtij ligji, do të zbatohen dispozitat e Ligjit të Mbikëqyrjes së Inspektimit, përveç nëse është rregulluar ndryshe me këtë ose një ligj tjetër.

(2) Gjatë kryerjes së inspektimit, krahas dispozitave të këtij ligji, zbatohen edhe dispozitat e rregulloreve nga lëmia e mjedisit jetësor, si dhe rregulloret në të cilat përcaktohet kompetenca për kryerjen e inspektimit në mjedis.

(3) Për rregullimin e çështjeve që kanë të bëjnë me qasjen deri te informacionet të cilat lidhen me mjedisin jetësor, pjesmarjjen e publikut në sjelljen e vendimeve, vlersimin e ndikimit të strategjive të ndryshme, planeve dhe programeve mbi mjedisin jetësor zbatohen dispozitat sipas Ligjit të Mjedisit Jetësor, nëse me këtë ligj nuk janë ndryshe të rregulluara.

Neni 3
**Qëllimi i Ligjit**

Qëllimi të këtij ligji është të krijojë një sistem efikas të mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut me një nivel të lartë të mbrojtjes së mjedisit nëpërmjet:

- kryerjes së koordinuar të inspektimit mjedisor në nivel qendror dhe vendor mbi subjektet e inspektimit mjedisor (në tekstin e mëtejmë: subjektet e mbikëqyrjes) në përputhje me rregulloret për mjedisin;
- vlerësimit të ndikimit që subjektet e mbikëqyrjes e kanë në mjedis dhe planifikimi i duhur i inspektimit në mjedis bazuar në rrezikun e vlerësuar në mjedis;
- zbulimit të burimit dhe shtrirjes së ndotjes së mjedisit dhe
- marrjes së masave për parandalimin, reduktimin ose eliminimin e ndotjes.

Neni 4
**Definicionet**

Disa terma të përdorur në këtë ligj kanë kuptimin e mëposhtëm:

1. "Mbikëqyrja e Inspektimit mjedisor" është mbikëqyrja e subjekteve që kryejnë veprimtari dhe / ose aktivitete që shkaktojnë ose kanë potencial të shkaktojnë ndikim në mediat dhe fushat në mjedis, pavarësisht nëse subjektet e mbikëqyrjes së inspektimit kanë ose nuk kanë siguruar akte adekuate me të cilat rregullojnë kryerjen e veprimtarisë dhe / ose aktivitetit;

2. "Subjekt i mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor" është një person juridik ose fizik vendas ose i huaj që në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut gjatë kryerjes së veprimtarisë dhe / ose aktivitetit shkakton ose mund të shkaktojë ndikim negativ në mjedis i cili si i tillë është përcaktuar me rregullat nga sfera e mjedisit;

3. "Rregullat në fushën e mjedisit" janë aktet ligjore dhe nënligjore që dalin prej tyre, të cilat rregullojnë median dhe fushat e mjedisit;

4. "Organi profesional" është organi i administratës shtetërore përgjegjës për kryerjen e veprimtarive profesionale në fushën e mjedisit, i krijuar në përputhje me nenin 160 të Ligjit të Mjedisit.

5. "Inspektorët e mjedisit në nivel lokal "janë inspektorë të cilët kryejnë inspektime nga sfera e mjedisit jetësor në nivel lokal dhe të cilët në pajtim me rregulloret nga lëmia e mjedisit jetësor njihen si inspektorë të autorizuar të mjedisit jetësor të komunave, komunave në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit.

II. PARIMET E MBIKËQYRJES SË INSPEKTIMIT NË MJEDIS

Neni 5
**Parimi i qasjes së integruar gjatë kryerjen së mbikëqyrjes së inspektimit**

Mbikëqyrja e Inspektimit mjedisor kryhet në një mënyrë nëpërmjet së cilës inspektori vëren dhe përcakton ndikimet në të gjitha mediat dhe fushat e mjedisit që janë shkaktuar ose mund të shkaktohen nga subjekti i mbikëqyrjes.

Neni 6
**Parimi i parandalimit**

Inspektorët janë të detyruar të sigurojnë të drejtën e aksesit në informacione në lidhje me kryerjen e inspektimit mjedisor në përputhje me dispozitat e këtij ose një ligji tjetër.

III. ORGANIZIMI I MBIKËQYRJES INSPEKTUESE NË MJEDIS

Neni 7
**Organet kompetente për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese në mjedis**

(1) Inspektimi mjedisor kryhet në nivel qendror dhe lokal.

(2) Organi kompetent për inspektimin e mjedisit jetësor në nivel qendror është Inspektorati Shtetëror i Mjedisit.

(3) Inspektimin mjedisor në nivel qendror e kryen Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor nëpërmjet inspektorëve të mjedisit jetësor, inspektorëve për mbrojtjen e natyrës dhe inspektorëve të ekonomisë së ujërave (në tekstin e mëtejmë: inspektorët shtetëror).

(4) Inspektimin mjedisor në nivel lokal e kryejnë inspektorët e mjedisit jetësor të nivelit lokal të cilët janë të dislokuar në njësitë organizative për kryerjen e inspektimit mjedisor në nivel lokal të themeluara në kuadër të komunave, komunave në qytetin e Shkupit dhe qytetit të Shkupit.

(5) Inspektorët sipas paragrafëve (3) dhe (4) të këtij neni kryejnë inspektimin e mjedisit do ta në pajtim me kompetencat e përcaktuara me këtë ligj dhe me dispozitat nga sfera e mjedisit jetësor, si dhe me dispozitat tjera me të cilat janë përcaktuar kompetencat e tyre.

Neni 8
**Inspektor Shtetëror**

(1) Inspektor Shtetëror i Mjedisit në Inspektoriatin Shtetëror të Mjedisit mund të jetë personi me arsim të lartë të përfunduar në fushën e shkencave natyrore-matematikore (biologji, fizikë, gjeografi, gjeologji, kimi dhe biokimi), shkencat tekniko-teknologjike (energji, ndërtim dhe ujë).

---

* Ky ligj është i harmonizuar me Direktivën 2012/18/BE të Parlamentit Europian dhe Këshillit të datës 4 korrik 2012 për kontrollin e rreziqeve nga aksidentet e mëdha që përfshijnë substanca të rrezikshme, duke ndryshuar dhe shfuqizuar më pas Direktivën e Këshillit 96/82/KE (CELEX numër 32012L0018), Direktivën 2010/75 / BE e Parlamentit Europian dhe të Këshillit të datës 24 nëntor 2010 mbi emetimet industriale (CELEX numër32010L0075) dhe Rregullativën (BE) numër 910/2014 të Parlamentit Europian dhe të Këshillit të datës 23 korrik, 2014 për identifikim elektronik dhe shërbime të besueshme për transaksione elektronike në tregun e brendshëm dhe shfuqizimin e Direktivës 1999/93/E3 (CELEX numër32014R0910).

menaxhimi, inxhinieria kimike, teknologjia kimike, inxhinieria industriale dhe menaxhimi, kontrolli i cilësisë, inxhinieria mekanike, materialet, metalurgjia, gjeologjia e aplikuar dhe gjeofizika, rregullimi dhe menaxhimi i proceseve teknologjike, minierat, mjedisi), shkencat bioteknike (shkenca e tokës, hidrocentralet) mbrojtja e bimëve , prodhimtaria e bimëve, frutikultura, vreshtaria, prodhimi blegtoral (blegtoria), peshkimi, pylltaria dhe hortikultura, përpunimi i drurit, bioteknologjia dhe teknologjia ushqimore) dhe shkencat sociale (siguria).

(2) Inspektor Shtetëror i Mbrojtjes së Natyrës në Inspektoratin Shtetëror të Mjedisit mund të jetë personi me arsim të lartë të kryer në fushën e shkencave natyrore-matematikore (biologji dhe biokimi), pylltari, gjeologjia, inxhinieria e mjedisit jetësor, agronomi dhe veterinari.

(3) Inspektor i ekonomisë ujore në Inspektoratin Shtetëror të Mjedisit mund të jetë personi me arsim të lartë të kryer në fushën e ndërtimit.

(4) Përveç kushteve sipas paragrafëve (1), (2) dhe (3) të këtij neni, inspektori shtetëror duhet t'i plotësojë kushtet e përgjithshme për punësim të përcaktuara në Ligjin e Nëpunësve Administrativë dhe kushtet e veçanta për punësimin e inspektor i përcaktuar në Ligjin e Inspektimit, si dhe kushtet e veçanta të përcaktuara në aktet për sistematizimin e vendeve të punës të Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit.

(5) Me aktin për sistemimin e vendeve të punës të Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit mund të caktohet inspektori që të kryejë mbikëqyrje inspektuese vetëm për një zonë të caktuar dhe/ose mjedis të mjedisit dhe/ose për veprimtari të caktuara në secilën nga sferat ose mediet e mjedisit jetësor.

(6) Me qëllim të zbatimit sa më efikas të dispozitave nga sfera e mjedisit jetësor, drejtori i Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit mund të caktojë inspektor shtetëror për të kryer mbikëqyrjen inspektuese vetëm për një zonë të caktuar dhe/ose medium të mjedisit dhe/ ose për aktivitete të caktuara në secilën nga fushat ose mediat e mjedisit për të cilat është përgjegjës.

Neni 9

**Inspektorët e mjedisit në nivel vendor**

(1) Për kryerjen e inspektimit mjedisor në territorin e komunës, komunën në qytetin e Shkupit dhe qytetin e Shkupit, kryetarët e komunës, komunës në qytetin e Shkupit dhe të qytetit të Shkupit janë të obliguar të sigurojnë në të paktën një person i punësuar në administratën vendore, i cili do të kryejë ekskluzivisht veprimtarinë e një inspektori mjedisor në nivel vendor.

(2) Inspektor mjedisor në nivel lokal mund të jetë personi me arsim të lartë të përfunduar i cili i plotëson kushtet sipas nenit 8, paragrafët (1) dhe (4) të këtij ligji.

(3) Komunat që kanë më pak se 20.000 banorë, në pajtim me rregullat për bashkëpunim ndërkomunal, mund të formojnë administratë të përbashkët për kryerjen e inspektimit mjedisor, gjegjësisht të autorizojnë një person të punësuar në administratën lokale si inspektor nga një komunë që t'i kryejë detyrat e inspektorit të zonave të disa komunave në mënyrën e përcaktuar në marrëveshjen për themelimin e bashkëpunimit ndërkomunal.

(4) Kryetarët e komunave, komunës në qytetin e Shkupit dhe/ose të qytetit të Shkupit, në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni, mund të caktojnë komunë të veçantë, përkatësisht komunë nëpërmjet inspektorëve të tyre për kryerjen e inspektimit mjedisor vetëm në një zonë dhe/ose medium të caktuar të mjedisit ose për aktivitete të caktuara në secilën nga fushat ose mediat e mjedisit për të cilat janë përgjegjës, në territorin e të gjitha komunave në mënyrën e përcaktuar në marrëveshjen për themelimin e bashkëpunimin ndërkomunal.

(5) Me qëllim të zbatimit sa më efikas të dispozitave nga sfera e mjedisit jetësor në nivel lokal, kryetari i komunës, komunës së qytetit të Shkupit dhe qytetit të Shkupit, mund të caktojë inspektor për mjedisin jetësor në nivel lokal për një periudhë të caktuar të inspektojë vetëm për një zonë të caktuar dhe/ose medium mjedisor dhe/ose për aktivitete të caktuara në secilën prej zonave ose mediave mjedisore për të cilat është përgjegjës.

(6) Në marrëveshjen për themelimin e bashkëpunimit ndërkomunal, me të cilin themelohet administratë e përbashkët për kryerjen e inspektimit të mjedisit jetësor, obligimet e inspektorëve të mjedisit jetësor në nivel lokal përcaktohen në pajtim me ligjin, zonën në të cilën do të veprojnë, shpërndarjen e kostove për inspektimin e mbikëqyrjes mjedisore, si dhe të përmbushjes së detyrimeve të tjera që rrjedhin nga ky ligj dhe ndonjë ligj tjetër, të cilat kanë të bëjnë me kryerjen e inspektimit mjedisor.

(7) Në aktin për sistematizimin e vendeve të punës të komunave që kanë lidhur marrëveshjen sipas paragrafit (6) të këtij neni, detyrimisht përcaktohet se inspektorët mund të kryejnë edhe punë të tjera të përcaktuara në marrëveshjen për themelimin e bashkëpunimit ndërkomunal.

## IV.PLANIFIKIMI I MBIKËQYRJES SË INSPEKTIMIT NË MJEDIS

Neni 10

**Planifikimi i mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor**

Planifikimi i mbikëqyrjues së inspektimit në mjedis bëhet duke miratuar:

-Strategji kombëtare për mbikëqyrjen e inspektimin mjedisor;

- Programi për mbikëqyrje në inspektim mjedisor në Republikën e Maqedonisë së Veriut;

-Plani vjetor për mbikëqyrje në inspektimin mjedisor të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe

- Plani mujor i mbikëqyrjes në inspektim mjedisor.

Neni 11

**Strategjia kombëtare e mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor**

(1) (1)Në përputhje me politikat dhe qëllimet mjedisore të përcaktuara në dokumentet strategjike dhe planifikuese për mjedisin jetësor, si dhe me objektivat e përcaktuara në rregulloret mjedisore, Qeveria e Republikës së Maqedonisë Veriore miraton Strategjinë nacionale për inspektim me propozim të Drejtori i Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit në mjedis (në tekstin e mëtejmë: Strategjia).

(2) Strategjia sipas paragrafit (1) të këtij neni miratohet për një periudhë jo më pak se gjashtë vjet dhe i referohet mbikëqyrjes inspektuese mjedisore në të gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

(3) Strategjia duhet të përmbajë në veçanti:

- pasqyrën e përgjithshme të situatës me zbatimin e rregullave në fushën e mjedisit;

- qëllimet dhe masat për përmirësimin e situatës duke zbatuar rregullat në fushën e mjedisit;

- përcaktimin e prioriteteve për mbikëqyrjet e inspektimeve nga mediat dhe fushat në mjedis në periudhën për të cilën është miratuar strategjia;

- mënyrën e vendosjes së bashkëpunimit dhe koordinimit midis inspektorëve shtetërorë dhe të autorizuar, si dhe me shërbimet e tjera të inspektimit në nivel qendror dhe lokal;

- identifikimin e nevojave dhe fushave për aftësimin profesional dhe zhvillimin e inspektorëve;

- burimet financiare dhe njerëzore të nevojshme për zbatimin e strategjisë dhe

- çështje të tjera që sipas rregullave mjedisore duhet të mbulohen nga strategjia.

(4) Organi kompetent për përgatitjen e Strategjisë është Inspektorati Shtetëror i Mjedisit.

(5) Strategjia mund të ndryshohet dhe / ose të plotësohet të paktën një herë pas skadimit të tre viteve nga zbatimi i saj, dhe nëse është e nevojshme më herët nëse ndryshimi ose plotësimi bëhet për shkak të disa prej kushteve të dhëna në paragrafin (5) të këtij neni.

(6) Ndryshimet dhe plotësimet në strategji janë të detyrueshme në rastet e mëposhtme:

- ndryshimi i rregullave mjedisore që ndikojnë ndjeshëm në zbatimin e strategjisë;
- ndryshime të rëndësishme të aktiviteteve dhe / ose veprimtarive në sektorë dhe / ose fusha të caktuara industriale dhe / ose media mjedisore që janë lëndë e Strategjisë dhe ndikojnë në zbatimin e saj, dhe
- nëse në bazë të rezultateve nga monitorimi i zbatimit të strategjisë, është përcaktuar se qëllimet e përcaktuara në të janë përmbushur ose qëllimet e dhëna nuk kanë kontribuar në përmirësimin e gjendjes së mjedisit dhe rezultatet e pritshme.

(7) Gjatë përgatitjes së Sstrategjisë, procedura për miratimin e dokumenteve të planifikimit dhe për pjesëmarrjen e publikut të përcaktuar në Ligjin e Mjedisit do të respektohet në mënyrë të detyrueshme.

(8) Formën dhe përmbajtjen e strategjisë sipas paragrafit (1) të këtij neni dhe mënyrën e monitorimit të zbatimit të strategjisë i përcakton ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore nga fusha e mjedisit jetësor (në tekstin e mëtejmë: Ministri) me propozimin e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror për mjedisin.

Neni 12

**Programi i mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor në Republikën e Maqedonisë së Veriut**

(1) Për zbatimin e strategjisë, miratohet një program për mbikëqyrjen e inspektimit mjedisor të Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Programi).

(2) Programi miratohet çdo tre vjet.

(3) Programi në veçanti përmban:

-fushat prioritare dhe mediat për mbikëqyrje të inspektimit mjedisor për periudhën për të cilën miratohet programi;

-qëllimet dhe masat për përmirësimin e situatës duke kryer mbikëqyrjen e inspektimit në periudhën e planifikuar;

-të dhëna për regjistrin e subjekteve të mbikëqyrjes;

-planifikimin e trajnimit profesional dhe riaftësimin e inspektorëve;

-burimet financiare të nevojshme për realizimin e Programit;

-kapacitetet e nevojshme administrative dhe shpërndarjen e përgjegjësive midis shërbimeve inspektuese për realizimin e programit;

-objektivat, masat dhe udhëzimet për përgatitjen e Planit vjetor për mbikëqyrjen inspektuese të përmendur në nenin 14 të këtij ligji dhe

-treguesit për monitorimin e zbatimit të programit dhe

- çështje të tjera që dalin nga rregullat mjedisore dhe janë të rëndësishme për zbatimin e mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor.

(4) Programi miratohet nga Inspektorati Shtetëror i Mjedisit në bazë të programeve të propozuara nga komunat dhe Qyteti i Shkupit.

(5) Komunat në qytetin e Shkupit i dorëzojnë propozim-programet sipas paragrafit (4) të këtij neni në Qytetin e Shkupit, dhe Qyteti i Shkupit përgatit një propozimprogram të përbashkët.

(6) Komunat dhe Qyteti i Shkupit do t'i dorëzojnë Inspektoratit propozimprogramet sipas paragrafit (4) të këtij neni në tremujorin e dytë të vitit të fundit të zbatimit të Programit aktual.

(7) Komunat dhe / ose Qyteti i Shkupit që kanë administratë të përbashkët për kryerjen e mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor në pajtim me nenin 14 paragrafi (3) të këtij ligji, mund t'i paraqesin Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit propozime të përbashkëta programore.

(8) Forma dhe përmbajtja e formularit të Programit, mënyra e përgatitjes së tij, si dhe mënyra e monitorimit të realizimit të Programit përcaktohen nga ministri me propozimin e drejtorit të Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit.

Neni 13

**Monitorimi i realizimit të Strategjisë dhe Programit**

(1) (1) Zbatimi i Strategjisë së nenit 11 të këtij ligji dhe programit të nenit 12 të këtij ligji do të monitorohet nga Inspektorati Shtetëror i Mjedisit.

(2) Inspektorati Shtetëror i Mjedisit në çdo tre vjet, përkatësisht në tremujorin e fundit të vitit të fundit të zbatimit të programit aktual sipas nenit 12 të këtij ligji, i paraqet raport Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për ta informuar për nivelin e zbatimit të strategjisë sipas nenit 11 të këtij ligji dhe i programit sipas nenit 12 të këtij ligji.

(3) Raportin sipas paragrafit (2) të këtij neni, Inspektorati Shtetëror i Mjedisit e përpilon në bazë të:

- monitorimit të zbatimit të strategjisë, programit dhe planeve të këtij ligji;
- raporteve për zbatimin e planeve vjetore për mbikëqyrjet e inspektimeve mjedisore të kryera në nivel qendror dhe lokal;
- shkallën e arritjes së qëllimeve dhe masave të përcaktuara në strategjinë dhe programin dhe
- si dhe në bazë të të dhënave të tjera të cilat janë në dispozicion të Inspektoratit, gjegjësisht komunës, komunave në qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit.

Neni 14

**Plani vjetor i punës së shërbimit të inspektimit**

Inspektorati shtetëror për mjedisin jetësor dhe komunat, komunat e qytetit të Shkupit dhe qyteti i Shkupit përgatisin Planin vjetor të punës së shërbimit inspektues në pajtim me dispozitat e nenit 33 të Ligjit të Mbikëqyrjes Inspektuese dhe e paraqesin atë për mendim në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe të Planifikimit Hapësinor.

Neni 15

(9) Nëse edhe pas skadimit të afatit të përmendur në paragrafin (7) të këtij neni, nuk mënjanohen mangësitë e përcaktuara në raportin e përmendur në paragrafin (2) të këtij neni për kryerjen e inspektimit mjedisor kundër kryetarit të komunës, komunave në qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit, ministri që menaxhon organin e administratës shtetërore përgjegjës për kryerjen e aktiviteteve në fushën e mjedisit, mund të inicojë një procedurë kundërvajtjeje në përputhje me dispozitat kundërvajtëse të këtij ligji.

XI. DISPOZITAT KUNDËRVAJTËSE

Neni 44
**Sanksionet kundërvajtës**

(1) Një gjobë në shumë prej 1.500 euro në kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet kryetarit të komunës, komunës së qytetit të Shkupit dhe qytetit të Shkupit, përkatësisht drejtorit të Inspektoratit Shtetëror të Mjedisit, nëse:

- nuk përgatit dhe dorëzon në afatin e caktuar dokumentet planifikuese për inspektim mjedisor në pajtim me dispozitat e neneve 12 dhe 15 të këtij ligji;
- nuk monitoron zbatimin e dokumenteve planifikuese për inspektimin mjedisor në pajtim me dispozitat e neneve 13 dhe 17 të këtij ligji dhe
-nuk ka vepruar në pajtim me raportin për mbikëqyrjen e kryer sipas nenit 43 të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 250 euro në kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet inspektorit nëse nuk kryen inspektim mjedisor në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

(3) Kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtjet sipas paragrafit (1) të këtij neni mund të paraqesë ministri që udhëheq organin e administratës shtetërore përgjegjës për punët e mjedisit jetësor, ndërsa kërkesë për ngritjen e procedurës kundërvajtëse për kundërvajtjet sipas paragrafit (2) të këtij neni mund t'i parashtrojë udhëheqësi i njësive organizative për kryerjen e inspektimit mjedisor në nivel lokal të themeluar në kuadër të komunave, komunave në qytetin e Shkupit dhe qytetit të Shkupit përgjegjës për zbatimin e këtij ligji dhe titullari i menjëhershëm i inspektorit.

(4) Organi kompetent për shqiptimin e sanksioneve kundërvajtëse nga paragrafet (1) dhe (2) të këtij neni është gjykata kompetente.

(5) Forma dhe përmbajtja e urdhërpagesës për kundërvajtje përcaktohen nga ministri i cili menaxhon organin e administratës shtetërore përgjegjës për punët e mjedisit.

XII. DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 45
**Miratimi i dokumenteve të planifikimit për mbikëqyrjen e inspektimit mjedisor**

(1) Kryetari i komunës, komunat në qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit janë të detyruar në administratën e komunës, komunës në qytetin e Shkupit dhe Qytetit të Shkupit më së voni deri më 31 dhjetor 2022 të emërojë të paktën një inspektor të mjedisit i cili do të kryejë ekskluzivisht punë të mbikëqyrjes së inspektimit mjedisor neni 9 paragrafi (1) të këtij ligji ose të krijojë një administratë të përbashkët për mbikëqyrjen e inspektimit mjedisor neni 9 paragrafi (3) të këtij ligji).

(2) Strategjia e përmendur në nenin 11 të këtij ligji dhe Programi për mbikëqyrjen e inspektimit mjedisor sipas nenit 12 të këtij ligji duhet të miratohen më së voni në afat prej dy vitesh nga hyja në fuqi e këtij ligji.

Neni 46
**Miratimi i rregulloreve**

(1) Aktet nënligjore për zbatimin e këtij ligji miratohen brenda një viti nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(3) Deri në ditën e miratimit të rregulloreve të përcaktuara në këtë ligj, do të zbatohen rregulloret ekzistuese.

Neni 47
**Ndërprerja e dispozitave të rregulloreve të tjera**

Me hyrjen në fuqi të këtij ligji, do të pushojnë të jenë të vlefshme nenet 194, paragrafi (6) dhe (7), 196, 197, 205, 205-a, 206, 207, 207-a, 208, 208-a, 209 dhe 211 paragrafi (1) pikat 24) dhe 25) të Ligjit të Mjedisit Jetësor („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18), neni170 i Ligjit të Mbrojtjes së Natyrës (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut бр. 150/21) dhe neni 231 i ligjit të ujërave (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër151/21).

Neni 48
**Aplikim i vonuar**

Dispozitat e nenit 37 të këtij ligji do të fillojnë të zbatohen nga 1 janari i vitit 2024.

Neni 49
**Hyrja në fuqi**

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga publikimi në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

---

**1281.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ (*)**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини (*),

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 април 2022 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1902/1 | Претседател на Република |
| 19 април 2022 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ (*)**

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), во членот 3 точка 8 по зборот „активност“ се додаваат зборовите: „утврдена со рударски проекти“.

Точката 9 се менува и гласи:

**„Подземна експлоатација** е активност изведување рударски работи на подготовка, разработка, отворање, откопување, утовар, транспорт, извоз, одводнување и проветрување на подземните простории со придржување на мерките на безбедност и здравје при работа и мерките за заштита на животната средина, утврдени со рударски проект;“.

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2006/123/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 12 декември 2006 година за услугите на внатрешниот пазар, CELEX број 32006L0123.

Точката 10 се менува и гласи:

**„Површинска експлоатација** е активност изведба рударски работи на подготовка, отворање, откопување, товар, транспорт, одлагање, одводнување и рекултивација на површината на земјата со придржување на мерките на безбедност и здравје при работа и мерките за заштита на животната средина, утврдени со рударски проект;“.

Точката 14 се менува и гласи:

**„Рудник** е ограничено подрачје на земјиште, на површината или под неа, каде што се експлоатира минерална суровина со употреба на машини, опрема, рударска инфраструктура потребна за вршење рударски работи, одлагалишта и хидројаловишта;”.

Во точка 16 по зборот „уреди“ се додаваат зборовите: „за вентилација и одводнување“, а зборовите: „згради за луѓе и“ се бришат.

Во точка 20 бројот „0,5“ се заменува со бројот „0,1“.

Точката 40 се менува и гласи:

**„Инсталација за отпад од минерални суровини** е простор наменет за акумулирање или депонирање на отпадот од минерални суровини, во цврста или течна состојба, или во раствор или комбинација на течна и цврста состојба, во текот на следниве временски периоди:

- нема временски период за инсталација за отпад од минерални суровини и за инсталациите за отпад од минерални суровини карактеризирани како штетни во планот за управување,
- период од повеќе од шест месеци за инсталации за неочекувано произведен рударски опасен отпад од минерални суровини,
- период од повеќе од една година за инсталации за отпад од минерални суровини што не е опасен ниту инертен и
- период повеќе од три години за инсталации за незагадена почва, неопасен отпад од минерални суровини од истражните активности, отпад од минерални суровини што произлегува од експлоатација и преработка и складирање тресет и за инертен отпад од минерални суровини.

За овој вид на инсталации се сметаат инсталациите што вклучуваат хидројаловиште или друга структура што служи за да содржи, задржи, ограничи отпад од минерални суровини или на друг начин да ја поддржи инсталацијата, како и да вклучи, но не и да се ограничи на браната и таложното езеро, но не и вклучително јами во кои отпад од минерални суровини, по експлоатацијата и преработка на минералната суровина, се пренесува за целите на санација и изградба.”.

Член 2

Во членот 4 став (2) алинеја 1 по зборот „шкрилци“ се става запирка и се додаваат зборовите: „петротермална енергија“.

Во алинејата 4 по зборовите: „кварцен песок“ се додаваат зборовите: „кварцен чакал“, а по зборот „лапорец“ се додава зборот „риолит“.

Член 3

Во член 5 став (2) зборовите: „основните геолошки“ се заменуваат со зборовите: „геолошките“.

Член 4

Во член 6 став (1) зборовите: „изградба на објекти, просторно планирање“ се заменуваат со зборовите: „изградба на рудници, изградба на објекти во постоечките рудници, изградба на инфраструктурни објекти, објекти за просторно планирање, за зачувување на геодиверзитетот и локалитети од геолошко значење,“.

Член 5

Во член 7-а став (11) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Во став (12) по зборовите: „ставот (11) на овој член,“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Во став (17) алинејата 8 се менува и гласи:

„- информација за економско - финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.“.

Во ставот (31) по зборот „понудувач,“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Член 6

Во член 7-б став (2) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 7

Во членот 10 став (4) по зборовите: „експлоатација на минерални суровини“ се додаваат зборовите: „и ако правното лице кое претходно учествувало на јавен повик за доделување концесија за вршење проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини не го платил понудениот надоместок“.

Во ставот (6) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а по постапката утврдена со членот 14 од овој закон.“.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Во случај кога барањето за добивање концесија за детални геолошки истражувања го поднесува сопственикот на резултатите од извршените проспекциски геолошки истражувања, кон барањето се доставува:

- образложение и основни податоци за подносителот на барањето,
- предложен период на кој би се доделила концесијата,
- простор на кој би се вршеле деталните геолошки истражувања вцртан на топографска карта во мерка сразмерна на просторот со нанесени координати утврден согласно со проспекциски геолошки истражувања,
- елаборат од извршените проспекциски геолошки истражувања за состојбата со резервите на минералните суровини заедно со извршена стручна оцена (ревизија) и
- спецификација и предмер пресметка на предвидените детални геолошки истражувања на локалитетот.

(8) Формата и содржината на образецот за спецификација и предмер пресметка на предвидените детални геолошки истражувања, како и начинот на пресметка на висината на предвидените средства за вршење на деталните геолошки истражувања од ставот (7) алинеја 5 на овој член ги пропишува министерот, кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“.

По ставот (7) кој станува став (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

„(10) По добивање на мислењата од органите од членот 14 ставови (3) и (4) од овој закон, органот на државната управа кој е надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 15 дена до Владата доставува образложен предлог и одлука за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања.

(11) По разгледување на образложениот предлог од ставот (10) на овој член, во рок од 30 дена од приемот на предлогот Владата донесува одлука за доделување концесија за детални геолошки истражувања.“.

Член 8

Во членот 11 став (1) размерот „1:25 000“ се заменува со зборовите: „сразмерен на просторот“.

Во став (2) алинеја 3 бројот „30“ се заменува со бројот „5“.

Во став (4) зборовите: „алинеи 4 и 5“ се бришат.

Во став (9) зборовите: „се смета дека не е започнато“ се заменуваат со зборовите: „не смее да започне“.

Член 9

Во членот 13 став (2) алинејата 2 се брише.

Во алинеја 3 зборовите: „1:25 000 или 1:50 000“ се заменуваат со зборовите: „сразмерна на просторот за кој е поднесена иницијативата од ставот (1) на овој член“.

Во став (3) во воведната реченица зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во алинеја 2 сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- барателот не постапи по забелешките во записникот од извршениот увид на локалитетот, извршен врз основа на членот 14 став (1) од овој закон и“.

Член 10

Во членот 14 став (1) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во ставот (3) по зборовите: „По извршениот увид“ се додаваат зборовите: „и по постапувањето по дадените забелешки од извршениот увид, доколку ги има“, а зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во став (5) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 11

Во членот 15 став (1) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Во ставот (2) по зборовите: „ставот (1) на овој член,“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Во став (7) алинејата 8 се менува и гласи:

„- информација за економско - финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.“.

Во став (22) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 12

Во членот 17 став (2) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Со склучувањето на договорот за концесија за детални геолошки истражувања, концесионерот е должен да достави гаранција за квалитетно извршување на деталните геолошки истражувања во висина од 15% од вредноста дадена во спецификацијата од членот 10 став (7) алинеја 5 од овој закон.“.

Член 13

Во членот 17-а став (8) по зборовите: „ставот (7) на овој член,“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Во став (12) зборовите: „плаќа годишен“ се заменуваат со зборовите: „плати еднократен“.

Член 14

Во членот 18 став (2) алинејата 6 се менува и гласи:

„- до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини најмалку еднаш годишно да доставува извештај за извршените детални геолошки истражувања согласно со динамиката утврдена во проектот за вршење детални геолошки истражувања на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 1 и 2 од овој закон;“.

Член 15

Во членот 19 став (9) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во ставовите (11), (12) и (13) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 16

Во членот 20 став (1) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Во став (2) по зборовите: „ставот (1) на овој член,“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Член 17

Во член 24 став (6) зборот „одземање“ се заменува со зборовите: „престанок на важење“.

Член 18

Во членот 26 став (3) алинеја 2 по зборовите: „минерални суровини“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или се води постапка за доделување концесија за детални геолошки истражувања или концесија за експлоатација на минерални суровини“.

Во став (5) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во ставовите (7), (8), (9), (10) и (11) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 19

Во членот 27 алинеја 9 зборот „извештај“ се заменува со зборот „елаборат“.

Член 20

Во членот 28 став (1) алинеја 7 зборот „дозволата“ се заменува со зборот „проектот“, а по зборовите: „вршење на детални геолошки истражувања“ се додаваат зборовите: „само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеи 1 и 2 од овој закон“.

Член 21

Во член 29-а по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) По доставување на барањето од ставот (5) на овој член, во рок од 30 дена органот на државната управа кој е надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини до Владата доставува образложен предлог и одлука за проширување на концесијата за експлоатација.“.

Ставот (9) кој станува став (10) се менува и гласи:

„(10) По разгледување на образложениот предлог од ставот (9) на овој член, во рок од 30 дена Владата донесува одлука за проширување на концесија за експлоатација.“.

Ставовите (10), (11), (12), (13), (14) и (15) стануваат ставови (11), (12), (13), (14), (15) и (16).

Член 22

Во член 29-б ставот (6) се менува и гласи:

„Органот на државната управа кој е надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член до концедентот доставува образложен предлог и предлог одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерални суровини.“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„По разгледување на образложениот предлог од ставот (6) на овој член, во рок од 30 дена Владата донесува одлука за намалување на концесијата за експлоатација.“.

Член 23

Во членот 31 став (1) по алинејата 2 се додават две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„- годишен извештај за извршените детални геолошки истражувања,

- годишен извештај од извршените тестирања на експлоатациски објекти за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон;“.

Во став (2) зборовите: „4 и 5“ се заменуваат со зборовите: „5, 6 и 7“.

Член 24

Во членот 32 став (1) по зборот „Македонија“ се додаваат зборовите: „како и правни лица регистрирани во држави-членки на Европската Унија“.

Во став (7) зборовите: „работен стаж“ се заменуваат со зборовите: „работно искуство“.

Во став (8) алинеја 1 по зборот „Македонија” се додаваат зборовите: „или документ од надлежен орган дека е запишан на официјалниот трговски регистар кој се води од страна на надлежен орган на државата-членка на Европската Унија“.

Во алинеја 2 по зборот „овластувањето“ се додаваат зборовите: „согласно со ставот (2) на овој член“.

Член 25

Во членот 32-а став (2) алинеја 2 бројот „300“ се заменува со бројот „240“.

Член 26

Во членот 33 став (2) по зборовите: „Изведување на“ се додава зборот „основни“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Надзор на изведувањето на геолошките истражувања не може да врши лице кое ја има изработено геолошката документација за детални геолошки истражувања, ги изведува или учествува во изведување на геолошките истражувања, како и вработено лице кај концесионерот.“.

По ставот (3) се додаваат три нови ставови (4), (5) и (6), кои гласат:

„(4) За вршење надзор на геолошки истражувања може да биде назначено лице кое е инженер-геолог и поседува лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.

(5) Лицето назначено за надзор од ставот (4) на овој член е должно да води евиденција во книгата во која се водат извршените истражни работи за геолошките истражувања од извршениот технички надзор најмалку еднаш месечно, а за забелешките од надзорот го известува одговорното лице кај концесионерот.

(6) Книгата во која се водат извршените истражни работи за геолошките истражувања концесионерот е должен да ја достави заедно со елаборатот или извештајот од извршените детални геолошки истражувања до концедентот.“.

Член 27

Во членот 34 став (5) третата реченица се менува и гласи:

„На претседателот и членовите на Комисијата за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручна оцена (ревизија).“.

Член 28

Во членот 36 став (4) по зборовите: „експлоатација на минерални суровини“ се додаваат зборовите: „и ако правното лице кое претходно учествувало на јавен повик за доделување концесија за вршење проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини не го платил понудениот надоместок“.

Член 29

Во членот 38 став (2) алинеја 6 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

Алинејата 7 се менува и гласи:

„- 0,10 км2 за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирен кварц и глина, во случај кога е поднесено барање за доделување концесија за експлоатација од сопственикот на земјиштето на кое се наоѓаат и“.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- 1 км2 за песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирниот кварц, кога е поднесено барање за доделување концесија за експлоатација на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.“.

Член 30

Во членот 39 став (2) зборовите: „во рок од шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „најрано една година, а најдоцна шест месеци“.

Во ставот (9) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

По ставот (11) се додава нов став (12), кој гласи:

„(12) За минералните суровини песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации) и собирен кварц, во случај кога е поднесено барање за доделување концесија за експлоатација на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија, концесијата за експлоатација се доделува за период до 20 години, без можност за продолжување.“.

Ставот (12) кој станува став (13) се менува и гласи:

„За минералните суровини песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирен кварц и глина, во случај кога е поднесено барање за доделување концесија за експлоатација од сопственикот на земјиштето на кое се наоѓаат концесијата за експлоатација, се доделува за период до десет години, без можност за продолжување.“.

Член 31

Во членот 40-а насловот се менува и гласи:

„Доделување концесија за експлоатација на минерални суровини за потребите за изградба на државни и општински патишта и хидротехнички објект“

Во став (1) по зборот „државни“ се додава зборот „општински“, а по зборот „патишта“ се додаваат зборовите: „и хидротехнички објект“.

Во став (2) по зборовите: „државниот пат“ се додаваат зборовите: „или единиците на локалната самоуправа во чие подрачје е предвидена изградба на општинскиот пат или хидротехничкиот објект“.

Во став (7) зборовите: „утврден во одобрението“ се бришат, по зборот „државниот“ се додаваат зборовите: „или општинскиот“, а по зборот „пат“ се додаваат зборовите: „или хидротехничкиот објект“.

Во став (10) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Ставот (12) се менува и гласи:

„Во рок од 30 дена од денот на доставувањето на предлог одлуката од ставот (10) на овој член, Владата донесува одлука за доделување концесија за експлоатација за потребите за изградба на државни и општински патишта или хидротехнички објект.“.

Член 32

Во членот 41 став (5) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Во ставот (10) по зборовите: „ставот (9) на овој член“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Во ставот (11) по зборовите: „ставот (6) на овој член“ се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена“.

Во став (18) алинејата 8 се менува и гласи:

„- информација за економско - финансиската состојба на субјектот, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија.“.

Член 33

Во членот 42 став (9) зборовите: „само во случај кога е поднесено барање за доделување на концесија за експлоатација на енергетските и металичните минерални суровини,“ се бришат.

Во ставовите (10), (15) и (16) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 34

Насловот на членот 43 се менува и гласи:

„Доделување концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирен кварц и глина“.

Член 35

Во член 43 ставот (1) се менува и гласи:

„Концесија за експлоатација на песок и чакал кои не се наоѓаат на коритата и бреговите на површинските водни тела (водотеци, езера и акумулации), собирен кварц и глина се доделува врз основа на барање од сопственикот на земјиштето на кое се наоѓаат.”.

Во ставовите (6), (8), (9) и (14) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

По ставот (15) се додаваат три нови ставови (16), (17) и (18), кои гласат:

„(16) Во случај доколку се работи за добиено негативно мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, шумарството и водостопанството, земјоделството, како и од другите органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област, како и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барањето за доделување концесија за експлоатација на минерални суровини, концедентот донесува одлука за одбивање на барањето за доделување концесија за експлоатација на минерални суровини.

(17) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини за одлуката од ставот (16) на овој член во рок од 15 дена го известува подносителот на иницијативата.

(18) Против одлуката за одбивање на барањето за доделување концесија за експлоатација на минерални суровини од ставот (16) на овој член, незадоволната странка може да поведе управен спор.“.

Член 36

Во член 45 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот“.

Во став (2) зборовите: „членот 37 од“ се бришат.

Член 37

Во член 46 став (2) бројот „15“ се заменува со бројот „60“.

Член 38

Во членот 47 став (8) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во став (9) бројот „30“ се заменува со бројот „60“.

По ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

„(10) Трошоците за извршената процена од Бирото за судски вештачења се на товар на барателот.

(11) По добивање на извештајот за извршената процена од ставот (9) на овој член, во рок од 30 дена органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини до Владата доставува образложен предлог и одлука за пренос на концесијата за експлоатација.“.

Ставот (10) кој станува став (12) се менува и гласи:

„(12) По разгледување на образложениот предлог од ставот (11) на овој член, во рок од 30 дена Владата донесува одлука за пренос на концесија за експлоатација, под истите услови под кои е доделена концесијата што се пренесува.“.

Ставовите (11), (12) и (13) стануваат ставови (13), (14) и (15).

Во ставот (14) кој станува став (16) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (15)“.

Во ставот (15) кој станува став (17) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (15)“.

Во ставот (16) кој станува став (18) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (15)“.

Во ставот (17) кој станува став (19) зборовите: „ставот (10)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (15)“.

Член 39

Во членот 49 став (1) по зборот „друштвото“ се додаваат зборовите: „како и пренос на акции или удели кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет кај трговското друштво кое е основач на концесионерот, но и кај физичкото лице кое е сопственик и поседува соодветен удел во друштвото, кое директно или индиректно се јавува како основач или сопственик на концесионерот“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Концедентот донесува одлука со која дава согласност за преносот на удели или акции кај субјектот којшто ги извршил деталните геолошки истражувања и поднел барање за доделување концесија за еклпоатација, како и на концесионерот на кој му е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини, кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото, како и пренос на акции или удели кои поединечно или во збир, би довеле до промена на управувачкиот пакет кај трговското друштво кое е основач на концесионерот, но и кај физичкото лице кое е сопственик и поседува соодветен удел во друштвото што, директно или индиректно, се јавува како основач или сопственик на концесионерот во рок од 30 дена од денот на приемот на образложениот предлог од ставот (12) на овој член од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.“.

Во став (9) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Во став (10) бројот „30“ се заменува со бројот „60“.

По ставот (10) се додаваат два нови става (11) и (12), кои гласат:

„(11) Трошоците за извршената процена од Бирото за судски вештачења се на товар на барателот.

(12) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена од доставувањето на извештајот од извршената процена, до Владата доставува образложен предлог и одлука за давање согласност за преносот на удели или акции.“.

Ставот (11) кој станува став (13) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „во рок од 30 дена од денот на приемот на образложениот предлог од ставот (12) на овој член.“.

Ставот (12) станува став (14).

Во ставот (13) кој станува став (15) зборовите: „како и“ се бришат, а по зборот „берза“ се додаваат зборовите: „како и кога се врши пренос на уделите кај концесионерот, кога здобивачот на уделот има ист сопственик како и концесионерот“.

Ставовите (14) и (15) стануваат ставови (16) и (17).

Во ставот (16) кој станува став (18) зборовите: „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“ и се додава нов став (19), кој гласи:

„(19) За преносот на удели или акции од ставот (15) на овој член не се плаќа надоместок согласно со ставот (17) на овој член.“.

Во ставот (17) кој станува став (20) зборовите: „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“.

Во ставот (18) кој станува став (21) зборовите: „ставот (13)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“, а зборовите: „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“.

Во ставот (19) кој станува став (22) зборовите: „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“.

Во ставот (20) кој станува став (23) зборовите: „ставот (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (17)“.

Член 40

Во членот 51 став (1) во алинеја 3 точката и запирката на крајот од реченицата се бришат и се додаваат зборовите: „или концесионерот не го извести органот на

државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини за пренос на акции или удели кои поединечно или во збир, би довеле до промена на управувачкиот пакет кај трговското друштво кое е основач на концесионерот, но и кај физичкото лице, кое е сопственик и поседува соодветен удел во друштвото што, директно или индиректно, се јавува како основач или сопственик на концесионерот.“.

По алинејата 5 се додава алинеја 6, која гласи:

„- концесионерот врши експлоатација надвор од експлоатационото поле за кое е издадена дозвола за експлоатација,“.

Алинејата 11 се менува и гласи:

„- концесионерот експлоатира помалку од 20 проценти од предвидената количина на минерална суровина согласно со главниот рударски проект во текот на една година, освен доколку концесионерот достави образложение за причината за намалената експлоатација,“.

По алинејата 12 се додаваат три нови алинеи 13, 14 и 15, кои гласат:

„- концесионерот извршил важна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат врз договорот,

- со вршењето на експлоатацијата на минералната суровина е нарушен јавниот интерес, утврден со Законот за експропријација,

- концесионерот врши експлоатација надвор од просторот на кој е доделена концесија со договорот за концесија,“.

По ставот (7) се додаваат пет нови ставови (8), (9), (10), (11) и (12), кои гласат:

„(8) Образложението за причината за намалената експлоатација од ставот (1) алинеја 11 на овој член го разгледува комисија формирана од министерот, кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, составена од двајца претставници од Министерството за економија, еден претставник од Државниот инспекторат за техничка инспекција, еден претставник од научно-образовна институција од областа на геологијата и рударството и еден претставник од стопанска асоцијација. Комисијата е должна во рок од 30 дена од денот на формирањето на комисијата до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини да достави предлог за продолжување на намалената експлоатација за уште една година последователно. По предлогот на комисијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини донесува решение.

(9) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) алинеја 13 на овој член, пред еднострваниот раскин на договорот, концедентот писмено го известува концесионерот за извршените важни повреди на договорот за концесија и го повикува да ги исправи пропустите за да обезбеди почитување на договорот во рокот утврден со известувањето.

(10) Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот (1) алинеја 14 на овој член, концесионерот може да поднесе барање за добивање нова концесија за експлоатација на минерална суровина на друг локалитет во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката за едностран раскин на договорот.

(11) Во случај кога е поднесено барање за доделување концесија за експлоатација од ставот (10) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини во рок од 30 дена по службена должност бара мислење од органите на државната управа надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање, заштитата на културното наследство, транспортот и врските, земјоделството, шумарството, водите, како и од други органи на државната управа надлежни за вршење на работите од соодветната област и од единицата, односно единиците на локалната самоуправа на чија територија е поднесено барање за доделување концесија.

(12) Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од ставот (10) на овој член ќе се спроведе согласно со членот 42 од овој закон.“.

Член 41

Во членот 55 став (2) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- потврда за финансиска гаранција за покривање на трошоците за елиминирање на штетните ефекти по животната средина, согласно со членот 96 од овој закон,“.

Член 42

Во членот 61 во насловот и во ставовите (1), (4) и (5) зборовите: „или припојување“ се бришат.

Во став (6) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“, а зборовите: „или припојување“ се бришат.

Во став (7) бројот „15“ се заменува со бројот „30“, а зборовите: „или припојување“ се бришат.

Во став (8) зборовите: „или припојување“ се бришат.

Во став (9) зборовите: „договор или“ се бришат.

Член 43

Во членот 62 став (2) алинеја 1 зборот „три“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 2 зборот „пет“ се заменува со зборот „две“.

Во алинејата 4 зборот „три“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 5 зборот „две“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 6 зборот „три“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 7 зборот „две“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 8 зборот „две“ се заменува со зборот „една“.

Во алинејата 10 зборот „две“ се заменува со зборот „една“.

Во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и изведувачот на рударските работи.“.

Член 44

Во член 63 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Лицето назначено за технички надзор врши надзор над изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи и нормативи, како и според прописите за безбедност и здравје при работа и животната средина.“.

Во ставот (6) кој станува став (7) по зборовите: „назначено за технички надзор” се додаваат зборовите: „е должен да“, а по зборовите: „од извршениот технички надзор“ се додаваат зборовите: „најмалку еднаш месечно, а за забелешките од надзорот го известува одговорното лице кај концесионерот“.

Ставот (7) станува став (8).

Член 45

Во членот 64 став (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и за рудниците кои вршат подземна експлоатација.“.

Член 46

Во членот 66 став (1) алинеја 3 зборот „примарните“ се брише.

Алинејата 9 се менува и гласи:

„- да управува со инсталацијата за отпад од минерални суровини согласно со програмата за спречување значителни опасности и во случаи на хидројаловиште, да се грижи за стабилноста на браната и за заштита на подземните води и почвата од загадување.“.

Во ставот (5) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „сметано од денот на започнување со експлоатација на минералната суровина, во просторот на кој е издадена дозволата за експлотација.“.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Изведување детални геолошки истражувања на простор кој е во границите на доделената концесија за експлоатација, а е надвор од дозволата за експлоатација на минерални суровини се врши по доставување ревидиран проект за детални геолошки истражувања до концедентот.“.

Ставовите (6) и (7) стануват ставови (7) и (8).

Член 47

Во членот 68 став (1) зборовите: „одлагалиштата, хидројаловиштата како и објектите за преработка на минерални суровини“ се бришат.

Во став (5) зборовите: „На членовите“ се заменуваат со зборовите: „На претседателот, членовите и на секретарот“, а зборовите: „кои се од редовите на надворешните членови - експерти и кои не се вработени во органите на државната управа“ се бришат.

Во ставот (7) бројот „15“ се заменува со бројот „30“.

Член 48

Во член 71 ставот (2) се менува и гласи:

„Стручната оцена (ревизија) на рударските проекти ја врши комисијата за ревизија, која ја формира концедентот. Членовите на комисијата со нивната стручност се објавуваат на веб-страницата на Министерството за економија.“.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „или лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања, во случај кога е поднесен рударски проект за експлоатација на минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 6 од овој закон.“.

Во ставот (4) третата реченица се менува и гласи:

„На претседателот, членовите и на секретарот на Комисијата за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење стручна оцена (ревизија).“.

Член 49

Насловот на членот 73 и членот 73 се менуваат и гласат:

**„Субјекти за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството**

(1) Изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството можат да вршат правни лица кои се запишани во Централниот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и од правни лица регистрирани во држави-членки на Европската Унија и кои поседуваат овластување за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.

(2) За добивање на овластувањето од ставот (1) на овој член, правните лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија, мора да имаат вработено најмалку едно лице во редовен работен однос и кое поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.

(3) Овластувањето од ставот (1) на овој член го издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(4) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот за издавање на овластувањето се утврдува врз основа на трошоците за спроведување на постапката, бројот на ангажираните лица за спроведување на постапката за издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член и времетраењето на истата.

(5) Доколку кај субјектите од ставот (2) на овој член, по издавање на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството се утврди дека не ги исполнуваат условите за издавање на овластувањето, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини донесува решение за престанок на важење на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.

(6) Лицето кое врши изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството мора да поседува лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и да е во редовен работен однос.

(7) За добивање на лиценцата од ставот (6) на овој член, лицето мора да има работно искуство од најмалку три години во областа на изработката на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и да има положен стручен испит.

(8) За издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член правното лице приложува:

- извод од Централен регистар на Република Северна Македонија или документ од надлежен орган дека се наоѓа на официјалниот трговски регистар, кој се води од страна на надлежен орган на државата членка на Европската Унија,
- доказ дека носителите на лиценците од ставот (2) на овој член се во редовен работен однос кај барателот на овластувањето, согласно со ставот (2) на овој член,
- заверен препис од лиценците за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството на лицата од ставот (2) на овој член и
- доказ за платен надоместок за издавање на овластувањето.

(9) Формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(10) Поблиските услови и начинот на добивање и одземање на овластувањето и лиценцата за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рудар-

ски проекти од областа на рударството, како и на висината на надоместокот за издавање на овластувањето, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(11) За минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон, изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и ревизија на рударски проекти може да врши и странско правно лице доколку добие потврда за вршење на наведените работи од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини. За добивање потврда, правното лице од држава која е членка на Европската Унија треба да достави барање и докази со кои се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште и дека поседувал дозвола, односно лиценца за вршење на соодветните работи за кои бара потврда. Доколку во државата не се издава дозвола, односно лиценца, странско правно лице од држава-членка на Европската Унија е должно со барањето да достави доказ од надлежниот орган во таа држава дека согласно со нејзините прописи за вршење на соодветните работи не се издава дозвола, односно лиценца како и доказ со кој се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во земјата во која има седиште. Врз основа на доставените докази, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ќе издаде потврда кои работи, согласно со овој закон, странското правно лице може да ги врши во Република Северна Македонија.

(12) Формата и содржината на потврдата од ставот (11) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(13) Странско физичко лице кое има овластување од држава-членка на Европската Унија може да врши работи на изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и ревизија на рударски проекти во Република Северна Македонија само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон, доколку овластувањето е потврдено од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(14) Странско физичко лице може да ги врши работите од ставот (11) на овој член во правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија за вршење на тие работи само за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон.

(15) Странските физички и правни лица за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и ревизија на рударски проекти за минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон, се должни да имаат осигурување за одговорност за штета во осигурителна компанија во Република Северна Македонија, која би можела со нивната работа да им се предизвика на концесионерот или на трети лица.“.

Член 50

По членот 73 се додаваат 25 нови членови 73-а, 73-б, 73-в, 73-г, 73-д, 73-ѓ, 73-е, 73-ж, 73-з, 73-ѕ, 73-и, 73-ј, 73-к, 73-л, 73-љ, 73-м, 73-н, 73-њ, 73-о, 73-п, 73-р, 73-с, 73-т, 73-ќ и 73-у, кои гласат:

„Член 73-а

**Услови за полагање стручен испит за добивање на лиценца**

(1) Стручниот испит за добивање лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството (во натамошниот текст: стручен испит) се полага заради проверка на потребното стручно знаење од соодветната област.

(2) Стручен испит може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е дипломиран инженер по рударство (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС)),
- со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност сѐ додека траат последиците од забраната и
- да има најмалку три години работно искуство во областа на изработка на рударски проекти.

Член 73-б

**Начин на спроведување на испитот**

(1) Стручниот испит се состои од два дела и тоа:

- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен пример), со кој се проверува практичната способност на кандидатите.

(2) Првиот дел од стручниот испит од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање електронски тест на компјутер.

(3) Вториот дел на испитот се состои од:

- практичен пример и
- прашања кои кандидатот треба да ги одговори врз основа на анализата на практичниот пример.

Член 73-в

**Програма за полагање испит**

(1) Испитот се полага според програма во која се содржани градивото, прописите и литературата.

(2) Програмата за полагање на испитот од соодветната област ја донесува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Член 73-г

**Комисија за верификација на базите на прашања**

(1) Базите на прашања за првиот дел на испитот од членот 73-б од овој закон ги изработуваат професори од областа на геолошките истражувања и рударството и лица на кои им е издадена лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството и кои имаат најмалку десет години работно искуство во соодветната област, определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот ги верификува Комисија составена од:

- двајца претставници од Министерството за економија, назначени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини,

- еден претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

- еден претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,

- еден претставник од Геолошкиот завод на Република Северна Македонија,

- двајца претставници од редот на стручни и научни работници, назначен од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член го спроведува вториот дел од испитот и врши ревизија и ажурирање на базите на прашања од членот 73-б од овој закон најмалку двапати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид промените на прописите на кои е засновано прашањето, односно практичниот пример, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите како и други критериуми кои можат да влијаат на подобрувањето на квалитетот на базите од членот 73-б од овој закон.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат отстранети и заменети со нови или целосно отстранети од базите од ставот (1) на овој член.

(6) Професорите и лицата од ставот (1) на овој член како и членовите на Комисијата за верификација од ставот (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определелува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот износ на паричниот надоместок од ставот (6) на овој член не го надминува нивото на три месечни нето-плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година објавени од Државниот завод за статистика.

Член 73-д
**Надлежност и субјекти за спроведување на испитот**

(1) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Министерството за економија за што министерот за економија определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија избрано од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(2) На одговорното лице од ставот (1) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.

Член 73-ѓ
**Период на спроведување на испитот**

Стручниот испит за добивање на лиценца се спроведува најмалку двапати годишно.

Член 73-е
**Барање за полагање на испит**

(1) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Министерството за економија.

(2) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит од членот 73-а од овој закон.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Член 73-ж
**Одбивање на барањето за полагање на испитот**

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини или од него овластено лице, утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 73-з
**Постапка по одобрувањето на барањето за полагање на испитот**

На кандидатот му се овозможува да започне да го полага испитот во првиот нареден термин од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

Член 73-ѕ
**Време и место за полагање на испитот**

(1) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб-страницата на Министерството за економија и Јавниот радиодифузен сервис.

(3) Полагањето на испитот се снима и во живо и се емитува на веб-страницата на Министерството за економија, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб-страницата на Министерството за економија.

(4) Правното лице кое го спроведува стручниот испит треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит кои услови, поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(5) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот се присутни двајца претставници од Министерството за економија, еден претставник од Министерството за образование и наука, еден претставник од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичари).

(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за економија донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радиофренкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трачлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за економија најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

Член 73-и
**Спроведување на испитот**

(1) Пред почетокот на полагањето на стручниот испит, претставник од Министерството за економија го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот, му се дозволува користење единствено на закони (без коментари и објаснувања) кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага испитот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на првиот и вториот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарите од членот 73-ѕ став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а дококу не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот и вториот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во тој утврден термин и му се изрекува забрана за полагање на стручниот испит во траење од три години, за што Министерството за економија донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

(9) Овластените претставници од членот 73-ѕ став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

Член 73-ј
**Постапка при прекин и продолжување на полагање на испитот**

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Против решението на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини од ставот (5) на овој член кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот, кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

**III. Прв и втор дел од стручниот испит и електронски систем**

Член 73-к
**Содржина на испитот и начин на бодување**

(1) Стручниот испит започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен пример).

(2) Вториот дел се полага во рок од најмалку 15 дена по успешното полагање на првиот дел.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини го пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот.

Член 73-л
**Прв дел од испитот**

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку 50 прашања со пет опции за заокружување од кои едната е точна, две се слични, едната е неточна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една е неточна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Услов за полагање на вториот дел од испитот е кандитатот да го положи првиот дел од испитот.

(3) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 73-љ
**Втор дел од испитот**

(1) Вториот дел од испитот се состои од практичен пример - изработка на стручен труд - геолошка документација, односно рударски проект од соодветна област.

(2) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот, ќе се смета дека испитот не го положил.

Член 73-м
**Единствен електронски систем за полагање на стручниот испит**

(1) Полагањето на првиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(2) Прашањата од тестот зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

(3) Полагањето на вториот дел од стручниот испит се врши со усно образложение - одбрана на изработениот стручен труд од соодветна област во вид на прашања кои треба кандидатот да ги одговори врз основа на анализата на стручниот труд.

(4) Прашањата од практичниот пример зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во практичниот пример.

(5) Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на стручниот испит и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит.

(6) Електронскиот систем од ставот (5) на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања за секоја област.

(7) Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и литературата во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот и прописите за вториот дел од испитот.

(8) Бројот на прашања во базите од ставот (6) на овој член се зголемува за 10% годишно, почнувајќи од 2022 година.

(9) Резултатите од полагањето на првиот и вториот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Член 73-н
**Електронски тест**

(1) На денот на полагањето на првиот дел од испитот, претставник на Министерството за економија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 73-м од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот со прашања кои се, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 73-м став (5) од овој закон, од базите од членот 73-м став (5) од овој закон.

(3) Првиот и вториот дел од испитот, содржат упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставник на Министерството за економија дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот во еден термин за повеќе од еден кандидат.

Член 73-њ
**Техничка неможност на функционирање на електронскиот систем за време на спроведување на испитот**

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот или вториот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 73-м став (5) од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (4) на овој член, испитот се презакажува за друг термин.

Член 73-о
**Времетраење на првиот дел од испитот**

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот, изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

Член 73-п
**Времетраење на вториот дел од испитот**

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секоја од практичниот пример од вториот дел, изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот пример постигнал најмалку 70% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

**IV. Лиценца, ревизија на спроведените испити и трошоци**

Член 73-р
**Лиценца за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството**

(1) На кандидатите кои го положиле испитот им се издава лиценца во рок од 15 дена од денот на завршувањe на испитот.

(2) Формата и содржината на лиценцата од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

Член 73-с
**Информирање за направените грешки во тестот за полагање на испитот**

На барање на кандидатот, Министерството за економија го информира за направените грешки во тестот за полагање на стручниот испит, со овозможување непосреден увид во тестот.

Член 73-т
**Ревизија на спроведените испити**

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и практичните примери за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот и практичниот пример, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за економија.

(3) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини формира Комисија за ревизија на одржаните испити, која во својата работа ги користи материјалите од ставот (2) на овој член и во која, покрај другите членови членуваат и претставник од Владата на Република Северна Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Северна Македонија.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 73-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот за економија.

(5) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето-плата во Република Северна Македонија, за што министерот за економија донесува решение.

(6) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 73-и став (5) од овој закон, предлага одземање на лиценцата од членот 73-р од овој закон.

(7) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини донесува решение за одземање на лиценцата од членот 73-р од овој закон врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

Член 73-ќ
**Трошоци за полагање на испитот**

(1) Трошоците за полагање на испитот и издавање на лиценцата се на товар на кандидатот.

(2) Висината на трошоците од ставот (1) на овој член ја определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на лиценци.

(3) Трошоците за полагање на испитот и издавање на лиценцата се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за економија.

(4) Ако трошоците за полагање на испитот не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за економија, најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, кандидатот не може да го полага испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Член 73-у
**Регистар на издадени овластувања и лиценци**

(1) Издадените овластувања и лиценци кои престанале да важат како и одземените овластувања и лиценци се евидентираат во Регистар на издадени овластувања и лиценци кој го води Министерството за економија.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се објавува на веб-страницата и на огласната табла на Министерството за економија.

(3) Формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања и лиценци и начинот на неговото водење ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.".

Член 51

Во член 75 ставот (3) се менува и гласи:

„Плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатираната количина на минерални суровини се врши на секои три месеци за продадените, односно за употребените за сопствено производство, количини на минералните суровини од страна на концесионерот, за што концесионерот е должен да ги уплати надоместоците најдоцна до 15 во месецот кој што следи, а по истекот на трите месеци кои служат како основа за пресметка. За продадените, односно употребените количини на минерални суровини на секои три месеци, концесионерот е должен да достави пресметка.".

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Во случај кога е доделена концесија за експлоатација и за друг вид на минерална суровина на простор на кој веќе е доделена концесија за експлоатација на минерална суровина на ист концесионер, годишниот надоместок за користење на просторот се пресметува само за минералната суровина за која пресметката за концесискиот надоместок заради користење на просторот е поголема, согласно со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.".

Член 52

Во членот 76 став (4) во алинејата 2 точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кои треба да бидат наменети за вршење на општествени или комунални дејности од интерес за општините или Градот Скопје.".

Во став (7) зборовите: „и експлоатација" се бришат.

Член 53

Во членот 83 став (1) по зборот „санација" се додаваат зборовите: „и рекултивација".

Член 54

Во членот 93 став (1) алинеја 4 зборовите: „и економски исплатливо" се заменуваат со зборовите: „со користење на најдобро достапните техники".

Член 55

Во членот 95 став (6) по зборот „концентрација" се додаваат зборовите: „утврдена во ставот (5) на овој член".

Член 56

Во член 96 ставот (3) се менува и гласи:

„Висината на финансиската гаранција се прилагодува на секои пет години, согласно со работите за рекултивација на земјиштето, кои треба да се извршат на земјиштето зафатено од инсталацијата, опишано во Планот за управување со отпадот од минералните суровини, подготвен согласно со прописот од членот 87 од овој закон, во висина од една третина од проценката на трошоците за операциите на преработка и отстранување на отпадот.".

Член 57

Членот 99 се менува и гласи:

„(1) Информациите содржани во барањето за доделување на концесија за геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и на дозвола за експлоатација, детали во врска со доделувањето на концесија за геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и за издавање на дозвола за експлоатација, како и договорот за концесија за геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини и дозволата за експлоатација се објавуваат на веб-страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини.

(2) Заинтересираната јавност има право на изнесување свои коментари и мислења до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини пред да се издава дозволата за експлоатација во рок од 15 дена од денот на објавување.

(3) Кога е склучен договор за концесија за експлоатација или е издадена дозвола за експлоатација, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ја информира засегнатата јавност за нивната содржина.

(4) Чувствителните информации од чисто комерцијална природа, како на пример информациите за деловни односи и компонентите на трошоците и големината на економските резерви на минерални суровини, не се објавуваат.".

Член 58

Во членот 100 став (2) зборовите: „државни инспектори за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државни инспектори за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 59

Во членот 101 став (1) зборовите: „државните инспектори за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државните инспектори за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 60

Насловот на членот 104 се менува и гласи:

**„Државен инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“**

Член 61

Во членот 104 став 1 зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 62

Во членот 107 став (1) зборовите: „државните инспектори за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државни инспектори за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Член 63

Во член 108 по ставот (1) се додаваат три нови ставови (2), (3) и (4), кои гласат:

„(2) За недостатоците за кои согласно со членот 119 од овој закон е предвидена опомена инспекторот во рок од 30 дена со решение ќе наложи отстранување на недостатоците.

(3) Доколку и во рокот од ставот (2) на овој член недостатоците не се отстранат тогаш инспекторот ќе издаде решение со кое ќе го забрани вршењето на деталните геолошки истражувања или експлоатацијата на минералните суровини.

(4) Доколку при вршењето на деталните геолошки истражувања или експлоатацијата на минералните суровини се констатираат недостатоци кои ја загрозуваат безбедноста на вработените, ја доведува во прашање стабилноста на објектот, безбедноста на животот и здравјето на луѓето, сообраќајот, соседните објекти и животната средина и природата, инспекторот со решение ќе го забрани изведувањето на тие работи се до отстранување на опасноста.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (5) и (6).

Член 64

Во членот 111 став 1 во воведната реченица зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 65

Во членот 113 став (1) зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „надлежен орган за одлучување во втор степен согласно со закон“.

Член 66

Во членот 114 став (1) зборот „веднаш“ се заменува со зборовите: „во рок од 24 часа“, а по зборовите: „кривична постапка“ се додаваат зборовите: „освен во случаите предвидени со членот 118 од овој закон кога надлежноста ја презема Основното јавно обвинителство“.

Член 67

Во член 115 зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 68

Во членот 116 став (4) зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Член 69

Насловот во членот 117 се менува и гласи:

**„Привремена забрана за користење на предмети, средства и минерална суровина“**

Член 70

Во член 117 ставот (1) се менува и гласи:

„Во случај кога при вршење на инспекциски надзор од страна на државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор и државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини, како и овластените лица во Министерството за внатрешни работи ќе се утврди дека се врши експлоатација на минерални суровини без за тоа да е издадена концесија, односно дозвола за експлоатација, за предметите, средствата со кои се врши ископ, односно експлоатација, транспорт, како и минералната суровина, со решение се издава забрана за користење се до завршување на постапката, а согласно со Законот за инспекциски надзор“.

Ставот (2) се брише.

Член 71

Во членот 118 став (1) зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“, а по зборовите: „тешка телесна повреда“ се додадаваат зборовите: „со посериозни последици”.

Во став (2) зборовите: „надлежните органи“ се заменуваат со зборовите: „Основното јавно обвинителство“.

Член 72

Насловот на членот 119 и членот 119 се менуваат и гласат:

**„Опомена**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот геолошки инспектор, државниот рударски инспектор или државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини утврди дека е сторена неправилност за првпат утврдена во членот 122 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7, член 123 став (1) алинеи 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, член 124 став (1) алинеи 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18, член 125 став (1) алинеи 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 и член 126

став (1) алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 6 е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и истовремено изрекува опомена на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Државниот инспекторат за техничка инспекција за вршењето на инспекцискиот надзор, задолжително води посебна евиденција за изречените опомени.

(3) Формата и содржината, како и начинот на водење на евиденцијата од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за економија.“.

Член 73

Во членот 120 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 9.000 до 18.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 15.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во став (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години од денот на правосилноста на одлуката.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 150 до 300 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 350 до 700 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за големи трговци. Покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.“.

Член 74

Во членот 121 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во ставот (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 40 до 80 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 90 до 180 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 190 до 380 евра во денарска противвредност за големи трговци. Покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.“.

Член 75

Во членот 122 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во став (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 40 до 80 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 90 до 180 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 190 до 380 евра во денарска противвредност за големи трговци.“.

Во ставот (4) бројот „250“ се заменува со бројот „125“, а бројот „375“ се заменува со бројот „250“.

Член 76

Членот 122-а се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 32-д и 73-д од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб-страницата на Министерството за економија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб-страницата на Министерството за економија согласно со членовите 32-ѕ и 73-ѕ став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противредност ќе се изрече на овластениот претставник од членовите 32-ѕ и 73-ѕ став (5) доколку постапи спротивно на членовите 32-и и 73-и став (9) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец на овластената институција која го спроведува испитот од членовите 32-д и 73-д од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членовите 32-и и 73-и ставови (5) и (6) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противредност ќе му се изрече на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини ако не го донесе решението во рокот утврден во членовите 32-т и 73-т став (7) од овој закон.

(5) За дејствијата од членовите 32-д и 73-д од овој закон на одговорното лице во правното лице кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон ќе му биде изречена глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 40 до 80 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 90 до 180 евра за средни трговци и од 190 до 380 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(6) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членовите 32-д и 73-д од овој закон доколку не го блокира радиофреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(7) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членовите 32-ѕ и 73-ѕ став (5) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членовите 32-и и 73-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот доколку постапи спротивно на членовите 32-и и 73-и ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(9) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членовите 32-т и 73-т став (3) од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за економија.“.

Член 77

Во членот 123 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 9.000 до 18.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 15.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во алинејата 7 зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Во став (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 150 до 300 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 350 до 700 евра за средни трговци и од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за големи трговци. Покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на назначеното лице за технички надзор доколку не води евиденција како што е предвидено со членот 63 ставови (6) и (7) од овој закон.“.

Член 78

Во членот 124 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 9.000 до 18.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 15.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во алинеја 5 зборовите: „државниот инспектор за електрика во рударството“ се заменуваат со зборовите: „државниот инспектор за опрема, производи и постројки наменети за користење при експлоатација на минерални суровини“.

Во став (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.“.

„(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 150 до 300 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 350 до 700 евра за средни трговци и од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за големи трговци. Покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.“.

Во став (5) бројот „500“ се заменува со бројот „250“, а бројот „1.000“ се заменува со бројот „500“.

По ставот (5) се додава нов став (6), која гласи:

„(6) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на назначеното лице за технички надзор доколку не води евиденција како што е предвидено со членот 63 ставови (6) и (7) од овој закон.“.

Член 79

Во членот 125 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 9.000 до 18.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 15.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Во став (2) втората реченица се менува и гласи:

„Траењето на забраната не може да биде пократко од три месеци ниту подолго од две години, од денот на правосилноста на одлуката.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 150 до 300 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 350 до 700 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за големи трговци. Покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од една година.“.

Во став (4) бројот „500“ се заменува со бројот „250“, а бројот „1.000“ се заменува со бројот „500“.

Член 80

Во членот 126 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска протввредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денар-

ска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако:“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице ќе му биде изречена глоба во износ од 15 до 30 евра во денарска противвредност за микротрговци, од 40 до 80 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 90 до 180 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 190 до 380 евра во денарска противвредност за големи трговци.“.

Во став (3) бројот „500“ се заменува со бројот „125“, а бројот „900“ се заменува со бројот „250“.

Во став (4) бројот „500“ се заменува со бројот „125“, а бројот „1.000“ се заменува со бројот „250“.

Член 81

Во членот 126-а по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За прекршоците од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 82

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 83

(1) Концесинерите на кои им е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон се должни до органот на државната управа надлжен за вршење на работите од областа на минералните суровини да достават план за управување со отпад од минерални суровини согласно со членот 86 од овој закон и потврда за финансиска гаранција согласно со членот 96 од овој закон.

(2) Доколку концесионерите во рокот од ставот (1) на овој член не достават план за управување со отпад од минерални суровини согласно со членот 86 од овој закон и потврда за финансиска гаранција согласно со членот 96 од овој закон, Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија.

Член 84

(1) Концесионерите на кои им е доделена концесија за експлоатација на јавен повик, а кај кои просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација не се совпаѓа со просторот на кој се наоѓаат утврдените резерви на минерална суровина, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини да достават барање за усогласување на концесискиот простор.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- образложен предлог,
- геодетски елаборат за посебни намени со катастарки индикации изработен од трговци поединци - овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите од Законот за катастар на недвижности.

(3) Владата дава согласност за усогласување на концесискиот простор.

(4) По давањето на согласноста од ставот (3) на овој член, концедентот и концесионерот склучуваат анекс на договорот за концесија.

Член 85

Започнатите постапки за издавање на лиценци за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 86

Започнатите постапки за доделување на концесии за проспекциски геолошки истражувања, за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини, како и за издавање на дозвола за детални геолошки истражувања, дозвола за експлоатација на минерални суровини и дозвола за изведување на рударски работи според дополнителен рударски проект до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19).

Член 87

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 88

Одредбите на членот 24 ставови 1 и 3 од овој закон со кои се менува членот 32 ставови (1) и (8) и член 49 од овој закон со кој се менува членот 73 во делот за издавање на лиценци и овластувања на субјекти од државичленки на Европската Унија ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 89

Одредбата од членот 40 став 3 од овој закон со која се дополнува членот 51 став (1) со нова алинеја 11 ќе започне да се применува од 1 јануари 2022 година.

Член 90

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË LËNDËVE TË PARA MINERALE (*)**

Neni 1

Në Ligjin e Lëndëve të Para Minerale (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 dhe 7/19) në nenin 3 në pikën 8, pas fjalës: "aktivitet" shtohen fjalët: "të përcaktuara nga projektet minerale".

Pika 9 ndryshon si vijon:

**"Shfrytëzimi nëntokësor** është një aktivitet i kryerjes së punimeve minerale në përgatitjen, zhvillimin, hapjen, gërmimin, ngarkimin, transportin, eksportin, kullimin dhe ajrosjen e hapësirave nëntokësore duke iu përmbajtur masave të sigurisë dhe të shëndetit gjatë punës dhe masat e mbrojtjes së mjedisit jetësor, të krijuara me një projekt minerar; ".

Pika 10 ndryshon si vijon:

---

(*) Me këtë ligj bëhet harmonizimi me Direktivën 2006/123/KE i Parlamentit Europian dhe i Këshillit të 12 dhjetorit 2006 mbi shërbimet e tregut të brendshëm, CELEX Nr. 32006L0123.

**"Shfrytëzimi sipërfaqësor** është një aktivitet i kryerjes së punimeve minerale në përgatitjen, hapjen, gërmimin, ngarkimin, transportin, asgjësimin, kullimin dhe rikultivimin e sipërfaqes së tokës duke respektuar masat e sigurisë dhe shëndetit në punë dhe masat e mbrojtjes së mjedisit jetësor, të përcaktuara me projektin minerar;

Pika 14 ndryshohet si vijon:

**"Minierë** është rajon i kufizuar i tokës, në sipërfaqe ose nën të, ku një lëndë e parë minerale shfrytëzohet duke përdorur makineri, pajisje, infrastrukturë minerale të nevojshme për kryerjen e punëve minerale, venddepozitime dhe zgjyra të lëngshme;".

Në pikën 16, pas fjalës: "pajisje" shtohen fjalët: "për ventilim dhe kullim", ndërsa fjalët: "ndërtesa për njerëzit dhe", fshihen.

Në pikën 20 numri "0,5" zëvendësohet me numrin "0,1".

Pika 40 ndryshon si vijon:

**"Instalimi i mbeturinave të lëndëve të para minerale është** një hapësirë e destinuar për grumbullimin ose deponimin e mbeturinave nga lëndët e para minerale, në gjendje të ngurtë ose të lëngët, ose në tretësirë ose kombinim të gjendjes së lëngët dhe të ngurtë, gjatë periudhave të mëposhtme kohore:

- nuk ka një periudhë kohore për instalimin e mbeturinave nga lëndët e para minerale dhe instalimet për mbeturinat nga lëndët e para minerale që karakterizohen si të dëmshme në planin e menaxhimit,
- periudhë prej më shumë se gjashtë muaj për instalimet për mbeturina të rrezikshme minerale të prodhuara papritur nga lëndët e para minerale;
- periudhë prej më shumë se një vit për instalimet për mbeturinat nga lëndët e para minerale që nuk janë të rrezikshme ose inerte dhe
- periudhë më shumë se tre vjet për instalimet për tokën e pandotur, mbeturina jo të rrezikshme nga lëndët e para minerale nga aktivitetet kërkimore, mbeturina nga lëndët e para minerale që rezultojnë nga shfrytëzimi dhe përpunimi, si dhe magazinimi i torfës edhe për mbeturinat inerte nga lëndët e para minerale.

Për këtë lloj të instalimeve konsiderohen instalimet që përfshijnë një zgjyrë ujore ose një strukturë tjetër që shërben për të përmbajtur, mbajtur, kufizuar mbeturinat nga lëndët e para minerale ose në një mënyrë tjetër të mbështesë instalimin, si dhe të përfshijë, por jo edhe të kufizohet në digën dhe në liqenin e sedimentuar, por duke mos përfshirë gropat septike në të cilat ka mbeturina nga lëndët e para minerale, pas shfrytëzimit dhe përpunimit të lëndëve të para minerale, transferohen për qëllime sanimi dhe ndërtimi.

Neni 2

Në nenin 4 paragrafi (2), në nënparagrafin 1, pas fjalës: "shist argjilor" vendoset një presje dhe shtohen fjalët: "energjia petrotermale".

Në nënparagrafin 4, pas fjalëve: "rërë kuarci" shtohen fjalët: "zhavorr kuarci", dhe pas fjalës: "marls" shtohet fjala: "riolit".

Neni 3

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1306.**

Врз основа на член 79 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО 2022 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, бр. 0102-1400/1 од 21.12.2021 година, усвоена од Управниот одбор на оваа агенција, на седницата одржана на 21.12.2021 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 40-12835/1-21
12 април 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**1307.**

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 62/05, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, бр.02-266/2 од 29.3.2022 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29.3.2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13617/1-21
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1308.**

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 41/14 и 83/18 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2022 година, бр.02-266/2 од 29.3.2022 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29.3.2022 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13617/2-21
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1309.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Росоман се пренесуваат во сопственост, без надоместок, недвижни ствари – објекти, кои се наоѓаат на ул. „Маршал Тито”, во Росоман, на КП бр.4615, КО Росоман, запишани во Имотен лист бр. 2, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр. 1, намена на зграда - помошни простории, влез 1, кат ПО, број 000, со внатрешна површина од 10 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда - стан во семејна зграда, влез 1, кат ПР, број 001, со внатрешна површина од 44 м2;
- зграда бр. 1, намена на зграда - помошни простории, влез 1, кат ХС, број 000, со внатрешна површина од 11 м2;
- зграда бр. 2, намена на зграда - помошни згради, влез 1, кат ПР, број 000, со внатрешна површина од 1 м2 и
- зграда бр. 3, намена на зграда - помошни згради, влез 1, кат ПР, број 000, со внатрешна површина од 20 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13767/1-20
12 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

**1310.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 април 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Агенцијата за планирање на просторот да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари – техничка опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за отпис на основни средства – техничка опрема бр.0201-1176/4 од 28.10.2021 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-2296/1
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1311.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 178/21), а во врска со член 93 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 април 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПАТЕН КОРИДОР 8 – ДЕВЕ БАИР – ЌАФАСАН, ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ПОДВИС, КМ 0+000,00 - КМ 10+424,89, ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ИЗГРАДЕНИ КОСИНИ, КОСИНА 1 ОД КМ 0+480 ДО КМ 1+340, КО КИЧЕВО ВОН ГРАД И КО КИЧЕВО 9, ОПШТИНА КИЧЕВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8 – Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000,00 - км 10+424,89, за проширување на изградени косини, косина 1 од км 0+480 до км 1+340, КО Кичево вон град и КО Кичево 9, Општина Кичево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина површина од 2306 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 5159/3 - дел | Кичево вон град | Крушино | дпнз | / |
| 6704/5 - дел | Кичево вон град | Крушино | дпнз | / |
| 5071/2 - дел | Кичево вон град | Крушино | нива | 4 |
| 5034/1 - дел | Кичево 9 | Боровник | пасиште | 4 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 164588,6 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-3513/1
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1312.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 3 од Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/98, 22/00, 75/02, 9/03, 24/04, 12/07, 5/08, 67/10, 21/11, 95/13 и 167/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 април 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА РАБОТИТЕ И УСЛУГИТЕ ОД СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр. 02-2148/3 од 12.4.2022 година, донесен од директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3402/1
12 април 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**1313.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 178/21), а во врска со член 93 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 април 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПАТЕН КОРИДОР 8-АВТОПАТ ДЕВЕ БАИР-КАФАСАН, ПАТНА ДЕЛНИЦА КИЧЕВО - ПОДВИС, КМ 0+000 - КМ 10+424,89, ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА КОСИНА КМ 4+620 - КМ 4+990 КО ДРУГОВО, ОПШТИНА КИЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проектот за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Кафасан, патна делница Кичево - Подвис, км 0+000 - км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+620 - км 4+990 КО Другово, Општина Кичево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 3208,92м2 ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 973/1-дел | Другово | Другово | пасиште | 7 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 55753,41м2 |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3329/1
12 април 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**1314.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), а во врска со член 18 став (1) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 април 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА ЗА ПРОЦЕНА**

1. Во Решението за именување членови на Групата за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/17, 168/18 и 202/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276/20), во точка 1 алинејата 9 се менува и гласи:

- „- Ивица Ампов, раководител на Сектор-служба за воена безбедност и разузнавање во Министерство за одбрана“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2965/1
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

**1315.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 април 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година.

Потребните средства за реализација на оваа програма се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и изнесуваат 57.255.800,00 денари од кои 14.763.800,00 на сметка 637, 40.500.000,00 денари на сметка 631, 1.992.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот, категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 од оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот, и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменети вкупно 10.363.800,00 денари, и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Истанбул, Мадрид, Белград, Римини, Лондон, Варшава, Измир, Дубаи Експо 2020, Скопје и други, како и учество и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Република Северна Македонија, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија,

се наменуваат 3.863.800,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во земји кои се примарен пазар, и тоа Србија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Турција, како и во земји кои се секундарен пазар и тоа Словенија, Италија, Украина, Грција, Шпанија, Русија, но и во Република Северна Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Билборди, подвижни и неподвижни реклами, (Outdoor кампањи)
- Реклами во печатени медиуми,
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и

- Промовирање преку влогери
се наменуваат 3.250.000,00 денари.

3. Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал веб страната www.northmacedonia-timeless.com, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk,
се наменуваат 300.000,00 денари.

4. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ,
се наменуваат 300.000,00 денари.

5. Печатење на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, визит картички и слично),
се наменуваат 500.000,00 денари.

6. Дизајн и изработка на ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, беџови, тефтери и друго) за промотивни туристички цели со цел промоција на Република Северна Македонија како туристичка дестинација, се наменуваат 300.000,00 денари.

7. Брендирање на Република Северна Македонија како туристичка дестинација и креирање на целосен визуелен идентитет, вклучително туристичко лого и туристички слоган. Креирање на бренд идентитет на државата ќе значи унифицирање на целокупната туристичка понуда преку изработка на книга за туристичко брендирање (brand book) која ќе биде имплементирана во сите пори на државата,
се наменуваат 500.000,00 денари.

8. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на туристичка брошура со печатена подготовка на фото брошура. Фото брошурата ќе биде една од главните промотивни алатки на Република Северна Македонија на социјалните медиуми, односно под одреден специфичен и карактеристичен хаштаг кој ќе биде активен на Инстаграм со користење на хаштаг #SafeLikeHome, #домасиедома, #alliNMacedonia, #domasiedoma, #askundsinështëpi. Тематските фотографии ќе прикажуваат различни перспективи на нашата земја, природни убавини, културни и традиционални настани и манифестации, луѓе, историја и се она што и дава оргинален и безвремен карактер на Република Северна Македонија. Целта на ова издание е промовирање на различни дестинации и активности во нашата земја со посета од домашните туристи,
се наменуваат 50.000,00 денари.

9. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на туристичка брошура со печатена подготовка, за националните паркови, заштитените подрачја и активните форми на туризам, како и продукција на видео материјал за националните паркови, заштитените подрачја и активните форми на туризам во Република Северна Македонија како туристичка дестинација,
се наменуваат 500.000,00 денари.

10. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на туристичка брошура со печатена подготовка за Топ 20 туристички атракции во Република Северна Македонија, како и продукција на видео материјал за Топ 20 туристички атракции во Република Северна Македонија како туристичка дестинација,
се наменуваат 500.000,00 денари.

11. Дигитални номади – Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на туристичка брошура за дигитални номади, изработена со кратки описни текстови и фотографии од места и локации кои овозможуваат комбинација на работа и одмор (workation) за дигиталните номади, како и продукција, дизајн и изработка на 10 (десет) кратки видеа од 10-15 секунди за 10 локации идеални за непречена работа и одмор (workation) и истите ќе бидат промовирани преку социјалните медиуми на Агенцијата за прмоција и поддршка на туризмот,
се наменуваат 300.000,00 денари.

б) За активности за поддршка на туризмот се наменети вкупно 2.400.000,00 денари, и тоа за:

1. Проектот за изработка на материјали и означување на „туристички излетнички места“, кој ќе содржи изработка на маси, клупи, летниковци, корпи за отпад како и податоци, информации, слики и текст за неколку локалитети, кои се многу значајни во излетничка смисла за туризмот во државата. Ќе се соберат информации за локалитетите и ќе биде поставена туристичка сигнализација во соработка со општините и приватниот сектор,
се наменуваат 300.000,00 денари.

2. Проект „Поставување на туристички информативни знаци“. Со овој проект се означуваат туристички патокази и знаци, така наречени кафени ознаки, неколку туристички атракции на потезите на главните коридори 10 и 8, но и на потегот на новиот автопат Скопје – Штип, како и на новиот експресен пат Штип- Радовиш до Струмица, со цел поголема информираност на потенцијалните домашни и странски патници по овие патни правци,
се наменуваат 800.000,00 денари.

3. Проект „Изработка на туристичка карта“. Потребата од изработка на нова детална и содржајна туристичка карта со постоечки и потенцијални туристички локации и вредности, наменета за странската и домашната јавност и тоа на неколку светски јазици, со цел збогатување на туристичката понуда и зголемување на промоцијата на државата,
се наменуваат 600.000,00 денари.

4. Проект „Тумба Маџари“. Со реализација на проектот одбележување на „Археолошкиот локалитет ТУМБА МАЏАРИ" своевидно ќе се придонесе до забрзан развој на културниот туризам, за кој потенцијалите во државата се навистина значајни. Ќе се надмине проблемот со необележаноста на овој значаен археолошки локалитет од светски рамки и ќе се зголеми посетеноста на странските и домашни туристи кој ќе имаат можност да посетат еден значаен локалитет кој го опишува животот на луѓето пред 8.000 години,
се наменуваат 200.000,00 денари.

5. Проектот „Заштита на постоечките и обнова на старите занаети во функција на туризмот“. Проектот предвидува иницирање на креирање на чаршиски атрактивен простор каде се сконцентрирани занаетчии. Изработка на QR кодови и дигитална промоција на туристичката локација преку воведување на софтверски апликации за дигитални платформи,
се наменуваат 50.000,00 денари.

6.Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови,
се наменуваат 300.000,00 денари.

7.Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони,
се наменуваат 100.000,00 денари.

8.Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и друг,
се наменуваат 50.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странски организиран туристички промет се наменети вкупно 42.500.000,00 денари, дел од буџетска сметка 637 во износ од 2.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 40.500.000,00 денари се обезбедуваат од сметка 631 од игри на среќа.

Член 4

Средствата во висина од 1.992.000,00 денари од сметка 787, се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и организација на презентации и настани во Република Северена Македонија.

Член 5

За реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и за постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 30  јуни 2023 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1438/1
19 април 2022 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Фатмир Битиќи,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1316.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 44 став (2) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за меѓународен транспорт на патници, трговија и туристички услуги БАШКИМ-ТУРС ДООЕЛ експорт-импорт с.Теново-Брвеница, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СТЕНЧЕ 1”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СТЕНЧЕ 1” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/22).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-93/22
21 април 2022 година
Скопје

Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

### Л И Ц Е Н Ц А
### ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за меѓународен транспорт на патници, трговија и туристички услуги БАШКИМ-ТУРС ДООЕЛ експорт-импорт с.Теново-Брвеница, со седиште во Теново, Брвеница, Република Северна Македонија

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 21 април 2022 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 21 април 2057 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-549-2022

**6. Единствен матичен број:** 5486653

**7. Единствен даночен број:** 4028000126191

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ „СТЕНЧЕ 1“ на КП бр. 2819/1, 346/1 и 347/1, КО Стенче, Општина Брвеница.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната докумен-

тација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,

- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,

- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- извршување на мониторинг на работењето,

- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СТЕНЧЕ 1", со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "СТЕНЧЕ 1"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 999 kW

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 1.110 kW

г) година на почеток на градба: 2021 година

д) година на завршеток на градба и почеток на работа: 2022 година

е) проценет животен век на ФЕЦ: 25 години

ж) податоци за опрема:

- тип и производител на фотонапонски панели: поликристални,

Trina Solar TSMDEG19C. 20-540

- број на фотонапонски панели: 1.850

- моќност на фотонапонски панели: 540 W

- тип, производител и номинални податоци на инвертор:

HUAWEI SUN2000-185KTL-H1, моќност 185 kW, 6 инвертори

з) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.500 kWh/m2

и) очекувано годишно производство на електрична енергија: 1.498.500 kWh

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1) nënparagrafi 17 dhe nenit 44 paragrafi (2) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 15 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 21 prill 2022, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE PRODHIM TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Transportit Ndërkombëtar të Udhëtarëve, të Tregtisë dhe të Shërbimeve Turistike BASHKIM-TURS SHPKNJP eksport-import f. Tenovë-Bërvenicë, i jepet licencë për kryerjen e veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "STENÇE 1".

2. Licenca e kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Në ditën e hyrjes në fuqi të këtij vendimi, nuk vlen më Vendimi për Dhënien e Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike nga centrali elektrik diellor CED "STENÇE 1" („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 44/22).

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes të tij, ndërsa botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-93/22
21 prill 2022
Shkup

Kryetar
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

Shtojcë:

**L I C E N C Ë**
**PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës:**
Shoqëria e Transportit Ndërkombëtar të Udhëtarëve, e Tregtisë dhe e Shërbimeve Turistike BASHKIM-TURS SHPKNJP eksport-import f. Tenovë - Bërvenicë, me seli në Tenovë, Bërvenicë, Republika e Maqedonisë së Veriut

**2. Veprimtaria energjetike për të cilën jepet licenca:** Prodhim i energjisë elektrike

**3. Data e dhënies së licencës:** 21 prill 2022

**4. Data e skadimit të licencës:** 21 prill 2057

**5. Numri evidentues i licencës së dhënë:** ЕЕ-ПРОИЗ-549-2022

**6. Numri amzë:** 5486653

**7. Numri tatimor:** 4028000126191

**8. Rajoni ku kryhet veprimtaria energjetike**
Bartësi i licencës e kryen veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "STENÇE 1", në PK nr. 2819/1, 346/1 dhe 347/1, KK Stençe, komuna e Bërvenicës.

**9. Detyrimet e përgjithshme të bartësit të licencës**
Bartësi i licencës është i detyruar:
- të punojë në përputhje me nenin 70 të Ligjit të Energjetikës*,
- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike,
- t'i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike, operatorit të tregut të energjisë elektrike, operatorit të sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, të gjitha informatat e nevojshme dhe të dhënat që janë të domosdoshme për kryerjen e detyrimeve të tyre që rrjedhin nga licencat, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike,
- të dërgojë raporte për pajisjen, impiantet, planet e mirëmbajtjes dhe disponueshmërinë e planifikuar deri te operator i sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike,
- të dërgojë të dhëna dhe informata në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe të Procedurës së Ndjekjes së Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të dërgojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet, të cilat kanë apo mund të kenë ndikim në kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas që e kryen apo për veprimtari të tjera që i kryen,
- t'i respektojë dhe të punojë në përputhje me Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike, Rregullat e Balancimit të Sistemit Elektro-Energjetik, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike si dhe në përputhje me rregulloret dhe rregullat e tjera, që i sjell dhe i miraton Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të Ligjit të Energjetikës*,
- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në dokumentacionin e përgjithshëm që i referohet kryerjes së veprimtarisë energjetike, për të cilën është dhënë licenca, në pajtim me Rregulloren e Licencave.
- të punojë në përputhje me ligjet, rregullat e tjera dhe aktet e përgjithshme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, posaçërisht ato që i referohen kryerjes së veprimtarisë së prodhimit të energjisë elektrike, mbrojtjes së konkurrencës, mbrojtjes së konsumatorëve, mbrojtjes së mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe mbrojtjes gjatë punës.

**10. Detyrimi për dërgimin e Raportit Vjetor të Punës**
Bartësi i licencës është i detyruar që, deri te Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 mars të vitit vijues, të dërgojë raport vjetor pune duke përfshirë edhe raportin e punës financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.
Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet edhe në formë elektronike.
Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:
1) përshkrimin dhe vëllimin e kryerjes së veprimtarisë energjetike gjatë vitit,
2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat,
3) masat e marra gjatë vitit raportues për:
- mbrojtjen e objekteve dhe pajisjeve nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimin e objekteve dhe pajisjeve për kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- siguri dhe shëndet gjatë punës,
- ekipim kuadror, trajnim dhe përsosje profesionale të të punësuarve,
- mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve,
- kryerjen e monitorimit të punës,
- kryerje të veprimtarive në kushte të gjendjes së krizës, ndryshimin e kushteve në tregun botëror si dhe në gjendje lufte apo të jashtëzakonshme,
4) kryerjen e programit vjetor për riparime,
5) realizimin e planit të punës, që i referohet vitit përkatës,
6) monitorime inspektoriale të kryera nga organet kompetente dhe organet e tjera shtetërore, me kopje të bashkëngjitura të procesverbaleve, raporteve dhe aktvendimeve të monitorimeve dhe të kontrolleve të kryera.

**11. Besueshmëria e informatave**
Bartësi i licensës është i detyruar që në pajtueshmëri me ligjin, të sigurojë besueshmërinë e të dhënave afariste dhe informatave gjatë kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

**12. Cilësia e shërbimit**
Bartësi i licencës duhet të sigurojë mjete teknike dhe kushte të tjera që mundësojnë cilësi konstante të energjisë elektrike të prodhuar, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.
Bartësi i licencës duhet të kryejë monitorim të vazhdueshëm të parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar dhe me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të dërgojë raport me shkrim për lëvizjen e të gjithë parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar në periudhën e përcaktuar kohore.

**13. Matja e energjisë elektrike dhe e fuqisë së prodhuar**
Matja e energjisë elektrike të prodhuar, gjegjësisht të dërguar në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, kryhet në vendin matës përllogaritës në mënyrë dhe procedura të përcaktuara në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

**14. Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e licencës**

Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e kësaj licence do të kryhet në përputhje me dispozitat e Ligjit të Energjetikës* dhe Rregullores së Licencave.

**15. Masat në rast të mosplotësimit të detyrimeve nga ana e bartësit të licencës**

Nëse bartësi i licencës nuk i plotëson kushtet e përmbajtura në këtë licencë, Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut do të marrë masa në përputhje me Ligjin e Energjetikës* dhe Rregulloren e Licencave.

**16. Kapacitet prodhuese, me të cilat kryhet veprimtaria energjetike**

Bartësi i licencës e kryen veprimtarinë energjetike, prodhim të energjisë elektrike nga Centrali Elektrik Diellor CED "STENÇE 1", me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "STENÇE 1"

b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 999 kW

c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 1 110 kW

d) viti dhe fillimi i ndërtimit: viti 2021

e) viti i mbarimit të ndërtimit dhe fillimi i punës: viti 2022

f) jetëgjatësia e paraparë e CED: 25 vite

g) të dhënat për pajisjen:

- lloji dhe prodhuesi i paneleve fotovoltaike: polikristalore,

Trina Solar TSMDEG19C. 20-540

- numri i paneleve fotovoltaike: 1850
- fuqia e paneleve fotovoltaike: 540 W
- lloji, prodhuesi dhe të dhënat nominale të invertorit:

HUAWEI SUN2000-185KTL-H1, fuqia 185kW, 6 invertorë

h) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1.500 kWh/m2

i) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 1.498.500 kWh

**1317.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала „МХЕЦ ЕХЛОЕЦ со реф.бр.51" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија МХЕЦ ЕХЛОЕЦ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 26/20, 253/20, 169/21 и 251/21).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите: "25 април 2022 година" се заменуваат со зборовите: "25 јули 2022 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-94/22
21 април 2022 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënparagrafi 17 dhe nenit 43 paragrafi (3) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 26 paragrafi (3) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 prill 2022, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR VAZHDIMIN E LICENCËS SË PUNËS PROVË**

1. Vazhdohet licenca për punë provë e hidrocentralit elektrik të vogël "HCEV EHLOEC me nr.ref. 51", të dhënë për Shoqërinë e Prodhimit të Energjisë Elektrike HCEV EHLOEC SHPK Shkup me Vendimin për Dhënien e Licencës për Punë Provë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 26/20, 253/20, 169/21 dhe 251/21).

2. Në shtojcën 1 pika 4, fjalët "25 prill 2022" zëvendësohen me fjalët "25 korrik 2022".

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes të tij, ndërsa botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-94/22
21 prill 2022
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

**1318.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), член 8 став (3) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22 и 64/22) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho e$ и деескалираната густина $\rho d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.238/21 и 52/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21.04.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 81,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 83,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 84,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 82,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 51,599 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 48,458 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 50,262 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 58,455 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 56,506 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 40,838 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 3,913 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 3,927 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 3,783 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 3,904 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,00 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Јавното наддавање не може да трае пократко од 15 минути. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање, од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда не пониско од 5% од последната доставена понуда.

Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на електронско јавно наддавање по завршување на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

Избран најповолен понудувач е лице учесник на електронското јавно наддавање односно од приемот на известувањето за избран најповолен понудувач кој понудил последна цена и која е највисока постигната закупнина по хектар понудена на јавното електронско наддавање.

Постапката за јавно наддавање завршува по истекот на рокот за поднесување на приговор доколку не е поднесен ниту еден приговор односно до донесување на решение по приговорот доколку не е поднесена жалба против решението, а ако е поднесена жалба против решението, по правосилноста на решението.

По правосилноста на решението во рок од 30 дена министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со избраниот најповолен понудувач склучува договор за закуп на земјоделско земјиште.

Доколку во рокот од 30 дена избраниот понудувач не го склучи договорот за закуп или не достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот односно депозит на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, Министерството го склучува договорот со следниот рангиран понудувач согласно со неговата понуда. Следниот рангиран понудувач за склучување на договор се утврдува врз основа на записникот за спроведеното јавно наддавање, односно извештајот за евалуација на понудите доколку изборот на најповолен понудувач се врши без спроведување на постапка за електронско јавно наддавање изготвени од страна на надлежните комисии за давање под закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост под закуп.

Избраниот понудувач кој нема да го склучи договорот за закуп во рок од 30 дена или нема да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот односно депозит е должен во рок од 15 дена од истекот на рокот за склучување на договорот за закуп односно рокот за доставување на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот односно депозит на име надоместок на штета да плати износ во висина на понудената годишна закупнина независно од наплатата на банкарската гаранција за учество во постапката.

Избраниот понудувач на јавен оглас за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост во закуп или на јавен повик за прибирање на понуди за површина над 3 ха, по склучување на договорот во рок од 15 дена е должен да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот или депозит на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во висина на 5% од планираните инвестиции во понудата на избраниот понудувач, но не помалку од висината на деветмесечна закупнина.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот мора да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на првиот повик и изнесува 5% од планираните инвестиции во понудата на избраниот понудувач, но не помалку од висината на деветмесечна закупнина.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да е со важност за целиот период на траење на договорот, а ќе се обновува на секои три години.

Банкарската гаранција се доставува најкасно 30 дена пред истекот на рокот за обновување.

Во случај кога со записник за извршен инспекциски надзор се утврди дека закупецот ги реализирал планираните инвестиции согласно договорот за закуп, а банкарската гаранција или депозитот се повисоки од износот на годишната закупнина, банкарската гаранција се заменува со банкарска гаранција во висина на деветмесечна закупнина или депонираните средства му се враќаат на закупецот до висина на деветмесечна закупнина.

Доколку банкарската гаранција не биде обновена во предвидениот рок преставува основ за раскинување на договорот.

Депозитот му се враќа на закупецот во рок од 30 дена по истекот на договорот за закуп под услов во целост да ги исполнил обврските од договорот. Депозитот по барање на закупецот може да биде искористен и за плаќање на закупнина во последната година од важноста на договорот за закуп под услов да ги исполнил сите останати обврски од договорот за закуп.

Депозитот се задржува како приход на Буџетот на Република Северна Македонија во случај на раскинување на договорот за закуп поради неисполнување на обврските од договорот од страна на закупецот.

Договорот за закуп влегува во сила со денот на воведувањето во владение на закупецот врз земјоделското земјиште предмет на договорот од страна на закуподавачот и тоа само за површините за кои е воведен во фактичка власт. Земјоделското земјиште предмет на договор за закуп кое нема да биде ставено во владение на закупецот во рок од една година од денот на склучувањето на договорот, може да биде предмет на нови постапки предвидени согласно со овој закон за давање на земјоделското земјиште во државна соспвеност во закуп или плодоуживање.

Најповолниот понудувач со кој се склучува договорот за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост е должен закупнината да ја плаќа до 31 јули во тековната година за претходната година, сметано од денот на записничкото воведување во владение на земјоделското земјиште предмет на договорот.

За земјоделското земјиште во државна сопственост кое по пат на јавен оглас или јавен повик ќе се додели во закуп на физичко лице на возраст до 40 години или на трговско друштво со управител или извршен директор на возраст до 40 години, обврската за плаќање на закупнина од страна на закупецот настапува три години по влегувањето во сила на договорот за закуп.

Доколку трговското друштво во периодот до три години по влегувањето во сила на договорот за закуп го промени управителот или извршниот директор со лице на возраст над 40 години, обврската за плаќање на закупнина ќе се смета дека настапила од денот на влегувањето во сила на договорот за закуп.

VII. ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетната цена по хектар во постапка по овој јавен оглас се утврдува во зависност од катастарската класа и местоположбата на земјиштето.Почетната цена за земјоделското земјиште од:

- I и II катастарска класа изнесува 120 евра,
- III и IV катастарска класа изнесува 90 евра,
- V и VI катастарска класа изнесува 60 евра и
- VII и VIII катастарска класа изнесува 30 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

Доколку земјоделското земјиште се наоѓа над 1.000 метри надморска височина почетната цена на закупнината за земјоделското земјиште од:

- I и II катастарска класа изнесува 60 евра,
- III и IV катастарска класа изнесува 45 евра,
- V и VI катастарска класа изнесува 30 евра и
- VII и VIII катастарска класа изнесува 15 евра во денарска противвредност посреден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

Доколку предмет на јавен оглас е блок со природни граници формиран од повеќе катастарски парцели со различна катастарска класа или географска целина составена од повеќе блокови со природни граници, се утврдува просечна почетна цена по хектар сразмерно на површината на катастарските парцели со различна катастарска класа кои го сочинуваат блокот со природни граници, односно географска целина составена од повеќе блокови со природни граници.

VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Образецот за учество на јавниот оглас (понуда), може да се подигне во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачните единици на Министерството и од веб страната на Министертвото, истиот мора да се пополни со сите потребни податоци и да се достави со потребната документација во затворениот коверт, во спротивно понудата нема да биде разгледувана.

Понудата и другата потребна документација се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката „не отварај„ „Понуда по Јавен оглас бр.01/22 за земјоделско земјиште под закуп за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање во регион (се впишува регионот) и во средина„Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул.Аминта Трети бр.2 Скопје” во рок од 20 дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Ковертот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот, односно испраќачот.

IX. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За дополнителни информации понудувачите може да се обратат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на телефон: 02 313 44 77 или да ја посетат веб-страницата на Министерството www.mzsv.gov.mk

---

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН, СТРУМИЦА

Стандардна објава за локално публикување на локална отворена тендерска постапка

Набавка на опрема за противпожарна заштита во рамки на проектот „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари“

Референтен број: CB006.2.12.122-05 – ЛОТ 2

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, Струмица, Република Северна Македонија објавува јавен повик за доделување на договор за јавна набавка на Опрема за противпожарна заштита за ЛОТ 2, во рамки на проектот „Прекугранична соработка во справување со шумски пожари“ во Југоисточниот плански регион, Република Северна Македонија, со финансиска помош од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија – Република Северна Македонија, 2014-2020. Тендерската документација е достапна на Булевар „Маршал Тито“, број 1-1, 2400 Струмица, Република Северна Македонија и исто така ќе биде објавена на страната на Службен весник на ЕУ (ТЕД Е-тендерирање) и на Ф&Т порталот за можности за финансирање на тендери: https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/home, на страната на Програмата: http://www.ipa-cbc-007.eu/ и на страната на Центарот на следниот линк: https://southeast.mk/javni-nabavki/ostanati/.

Крајниот рок за доставување на понудите е до 16:00 часот (локално време), на 23.5.2022 година.

Дополнителни информации или појаснувања/прашања ќе се објавуваат на ТЕД (еТендерирање) кои исто ќе бидат достапни и на Ф&Т порталот, на веб-страницата на договорниот орган https://southeast.mk/javni-nabavki/ostanati/ и на веб страницата на Програмата на следниот линк: http://www.ipa-cbc-007.eu/.

Standard advertisement for local publication of local open tender procedures

Supply of fire-fighting equipment under the project „Cross-Border Cooperation in Forest Fire Fighting“

CB006.2.12.122-05 – LOT 2

Centre for development of the South-East planning region, Strumica, Republic of North Macedonia intends to award a supply contract for fire-fighting equipment LOT 2, under the project “Cross-Border Cooperation in Forest Fire Fighting in South-East planning region, Republic of North Macedonia with financial assistance from the Interreg – IPA CBC Programme R.Bulgaria – R.N.Macedonia, 2014-2020. The tender dossier is available from Blvd. „Marshal Tito“ no.1-1, 2400 Strumica, Republic of North Macedonia and will also be published on the supplement to the Official Journal of the EU (TED eTendering) and on the Funding & tender opportunities (F&T Portal): https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/home, on the website of the Programme on the following link http://www.ipa-cbc-007.eu/ and on the website of the Centre https://southeast.mk/javni-nabavki/ostanati/ .

The deadline for submission of tenders is 16:00 hours (local time) on 23.5.2022.

Possible additional information or clarifications/questions shall be published on TED (eTendering) and also available on the F&T portal, the web page of the Contracting Authority https://southeast.mk/javni-nabavki/ostanati/ and on the website of the Programme on the following link http://www.ipa-cbc-007.eu/.

---

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Постапувајќи согласно со член 1 став (2) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 31/2020 и 288/2021) и член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија објавува

J А В Н А Д О С Т А В А

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија врши достава со јавна објава на Записник бр.10-113/2 од 2.2.2022 година до Славица Спировска со адреса на бул. „Јане Сандански“ бр.118-2/22 во Скопје.

Се повикува горенаведеното лице во рок од 10 (десет) дена од објавувањето на ова соопштение да се јави во просториите на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на ул. „Македонија“ бр.25 (Палата Лазар Поп Трајков) во Скопје и да го подигне горенаведениот документ.

НАПОМЕНА: Странката се предупредува дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава, а секоја негативна последица која може да настане ќе ја сноси самата странка.

Број 10-294/1
14 април 2022 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р Нора Алити, с.р.

---

Duke vepruar në pajtim me nenin 1, paragrafi (2) të Ligjit të Letrave me Vlerë (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut 31/2020 dhe 288/2021) dhe nenin 84 të Ligjit të Procedurës së Përgjithshme Administrative (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.124/2015), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, e publikon këtë

D O R Ë Z I M P U B L I K

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut bën dorëzim me shpallje publike të Procesverbalit nr.10-113/2, datë 2.2.2022, drejtuar Sllavica Spirovskës në adresën bul. ”Jane Sandanski” nr.118-2/22, Shkup.

Personit të lartpërmendur i bëhet thirrje që brenda 10 (dhjetë) ditësh nga publikimi i kësaj kumtese, të paraqitet në hapësirat e Komisionit të Letrave me Vlerë të Republikës së Maqedonisë së Veriut në rr. “Maqedonia” nr. 25, (Pallati “Llazar Pop Trajkov”) në Shkup, për ta tërhequr dokumentin e lartpërmendur.

SHËNIM: Pala paralajmërohet se mënyra e këtillë e dorëzimit konsiderohet si dorëzim i rregullt, ndërkaq, cilado pasojë e krijuar negative që mund të ndodhë, do të jetë përgjegjësi e vetë palës.

Numër 10-294/1
14.4.2022
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës
së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr.Sc. Nora Aliti, d.v.

---

ОПШТИНА КУМАНОВО

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

И З В Е С Т У В А Њ Е

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр.21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

**Огласи**

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), се повикува странката Емин Шакири, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во с. Виштица, Липково) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр.21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), се повикува странката Ирфан Мемети, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во ул. „Боро Менков“ бр. 1 А, Скопје, Бутел) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр. 21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/2015), се повикува странката Шенѓиље Фазлии, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а нејзината последна адреса се наоѓаше во с. Романовце, Куманово) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), се повикува странката Зекирја Синани, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во с. Грушино, ул. „26“ Скопје, Арачиново) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да дојде во канцеларија бр.4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

## Огласи

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), се повикува странката Ферсан Ваид, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во с. Матејче, Липково) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија", да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр. 21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), се повикува странката Рефик Зумбери, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во с. Оризаре, Липково) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија", да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/2015), се повикува странката Сеад Мустафи, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше во с. Липково, Липково) во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија", да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/2015), Градоначалник на Општина Куманово го објавува следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Постапувајќи по поднесено барање бр.21-УП1-7779 од 17.12.2022 год. за издавање на Одобрение за градење на објект со намена А1-Домување во станбени куќи од втора категорија кој се наоѓа на КП бр. 15784 КО Куманово, Општина Куманово, Сектор за урбанизам, Одделение за спроведување на урбанистичка документација има издадено Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

**Огласи**

Постапувајќи по член 62-а од Законот за градење, од наша страна во два наврата е направен неуспешен обид за известување до Вас за вршење на увид во документација, како непосреден сосед на градежна парцела за која е донесено одобрение.

Врз основа на член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015), се повикува странката Нуредин Фетахи, чијашто адреса во моментот е непозната за органот (а неговата последна адреса се наоѓаше на ул. „Страшко Арсов“ бр. 17, Куманово), во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на ова известување во дневниот печат, односно во „Службен весник на Република Северна Македонија“, да дојде во канцеларија бр. 4 во Општина Куманово, Сектор за урбанизам, заради вршење на увид во документацијата во врска со издаденото Одобрение за градење УП1 бр. 21-7779 од 16.2.2022 год.

Доколку странката не изврши увид во документацијата во горенаведениот рок, ќе се смета дека е извршена уредна достава, а негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Градоначалник
на Општина Куманово
м-р Максим Димитриевски, с.р.

---

ОПШТИНА СТРУГА

Врз основа член 84 и 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр. 124/2015 и 65/18), Градоначалникот на Општина Струга ја истакнува следната

ЈАВНА ОБЈАВА

СЕ ИЗВЕСТУВА лицето Томислав Дуноски со живеалиште на ул.„Димче Ковачески“ бр.34, Струга дека градоначалникот на Општина Струга има донесено одобрение за градење бр.10-11 од 9.3.2022 година со кое на инвеститорот Арбен Исмаили од Струга му одобрува изградба на индивидуална семејна куќа со намена домување со висина од Пр+1к на КП бр. 2096/7 КО Струга, Г.П.бр.24, градба од втора категорија, предвидена со ДУП: УЕ-3, со одлука бр.07-804/9 од 29.12.1999 година.

СЕ ПОВИКУВА Томислав Дуноски кој е недостапен за редовна достава, во рок од 15 дена од јавната објава согласно член 62-а став 1 од Законот за градење да извршат увид во техничката документација бр.А-21/11-01 од 1.11.2021 година, односно Основниот проект со технички број како претходно цитираниот изработен од ДООЕЛ „Арт Планет“-Струга.

Доставата со јавна објава во тек на два последователни дена да биде извршена преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на РСМ, односно два дневни печати од кои еден кој се печати на јазик и писмо што го зборуваат 20% од граѓаните во РСМ и единиците на локалната самоуправа, согласно Законот за употреба на јазик, односно во дневните печати „Слободен печат“ и „Коха“.

По објавата во дневните печати, да се изврши и еднократна објава од страна на Општина Струга во службеното гласило на општината на трошок од јавниот орган, согласно член 84 став 3 од ЗОУП, како и во „Службен весник на РСМ“.

НАПОМЕНА: СЕ ИЗВЕСТУВА ЛИЦЕТО НА КОЕ Е УПАТЕНА ОБЈАВАТА ДЕКА ДОСТАВАТА СО ЈАВНА ОБЈАВА СЕ СМЕТА ЗА УРЕДНА ДОСТАВА И ЗА ЕВЕНТУАЛНИТЕ НЕГАТИВНИ ПОСЛЕДИЦИ ШТО МОЖАТ ДА НАСТАНАТ СЕ ОДГОВОРНИ САМИТЕ СТРАНКИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 84 СТАВ 6 ВО ВРСКА СО СТАВ 4 ОД ЗОУП.

ИЗВЕСТУВАЊЕТО СО СЛУЖБЕНО ОБЈАВУВАЊЕ СЕ СМЕТА ДЕКА Е ИЗВРШЕНО ПО ИСТЕКОТ НА 15 (ПЕТНАЕСЕТ) ДЕНА ОД ДАТУМОТ НА ОБЈАВА, ВО СОГЛАСНОСТ СО ЧЛЕН 62-а СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ.

Општина Струга
Градоначалник,
д-р Рамис Мерко, с.р.

---

Në Në bazë të nenit 84 dhe 86 të Ligjit për procedurë të përgjithshme („Gazeta zyrtare e RM-së“ nr.125/15; 65/18), Kryetari i komunës së Strugës publikon:

SHPALLJE PUBLIKE

NJOFTOHET personi Tomisllav Dunoski me banim në rr.„Dimçe Kovaçeski“ nr.34 Strugë, se Kryetari i komunës së Strugës ka lëshuar leje për ndërtim me nr.10-11 në datë 9.3.2022 me të cilin investitorit Arben Ismaili nga Struga i lejohet ndërtim i shtëpisë për banim individual me destinim banim me lartësi prej Pr+1k në Pk.nr.2096/7 KK Strugë, P.N.nr.24, ndërtim i kategorisë së dytë, e paraparë me PDU: NJU-3, miratuar me vendim nr.37-804/9 të datës 29.12.1999.

THIRRET personi Boge Petroski i cili është i pakapshëm për dorëzim të rregullt, që në afat prej 15 ditëve nga shpallja publike, në pajtim me nenin 62-a paragrafi 1 të Ligjit për ndërtim të kryejnë kqyrje në dokumentacionin teknik, nr.A-21/11-01 përkatësisht në Projektin themelor me numër teknik të cituar më sipër punuar nga SHPKNJP „Art Planet“ Strugë.

Dorëzimi me shpallje publike të kryhet gjatë dy ditëve të njëpasnjëshme nëpërmjet shtypit ditor i cili shpërndahet në gjithë territorin e RMV, gjegjësisht në dy gazeta ditore nga të cilat njëri botohet në gjuhën dhe alfabetin të cilin e flasin 20% të qytetarëve të RMV dhe njësitë e vetqeverisjes lokale, në pajtim me Ligjin për përdorimin e gjuhëve, përkatësisht në shtypin ditor „Slloboden peçat“ dhe „Koha“.

Pas shpalljes në shtypin ditor, të kryhet edhe një shpallje nga ana e komunës së Strugës në informatorin zyrtar të komunës me shpenzime të organit publik, në pajtim me nenin 84 paragrafi 3 i LPPA, si dhe në „Gazetën zyrtare të RMV-së“.

VËREJTJE: NJOFTOHEN PERSONAT TË CILËVE JU DREJTOHET SHPALLJA SE DORËZIMI ME SHPALLJE PUBLIKE KONSIDEROHET SI DORËZIM I RREGULLT DHE PËR PASOJAT EVENTUALE NEGATIVE TË CILAT MUND TË SHFAQEN JANË PËRGJEGJËS VETË PALËT NË PAJTIM ME NENIN 84 PARAGRAFI 6 NË LIDHJE ME PARAGRAFIN 4 TË LPPA.

NJOFTIMI ME SHPALLJE ZYRTARE KONSIDEROHET SE ËSHTË KRYER PAS PËRFUNDIMIT TË 15(PESËMBËDHJETË), DITËVE NGA DATA E SHPALLJES, NË PAJTIM ME NENIN 62-a PARAGRAFI 1 I LIGJIT PËR NDËRTIM.

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko, d.v.

**Огласи**

Врз основа на член 261, а во врска со член 262 од Законот за Трговските друштва и Одлуката за намерата за намалување на основна главнина донесена од единствениот содружник на Друштво за производство, промет и услуги ИМОБИЛИЈАРЕ-ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Матеја Матевски“ бр.22, спрат 34/Б Цевахир 305/306, Скопје, Аеродром, Скопје, ЕМБС 5527252, ЕДБ 4025001106187, управителот на Друштвото, Стојан Симиќ со живеалиште на бул. „АСНОМ“ бр.176/1-3, Скопје, преку полномошник адвокат Константин Лошков од Скопје, ул. „Орце Николов“ бр.94/1-3, Скопје, објавува

О Г Л А С
ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Друштво за производство, промет и услуги ИМОБИЛИЈАРЕ-ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје, објавува дека има намера да ја намали основната главнина на друштвото за износ од 22.901.600,00 денари. Поднесена е пријава за упис на предбележба на Одлука за намера за намалување на основната главнина донесена на ден 24.3.2022 година, до Централниот регистар на РСМ по деловоден број 35020220008387 од 29.3.2022 година, а истата е одобрена со Решение на Централниот регистар на РСМ 35020220008387 на ден 6.4.2022 година.

Намалувањето на основната главнина на Друштвото се врши поради тоа што недвижниот имот за кој се намалува основната главнина на Друштвото во вредност од 22.901.600 денари е отуѓен по пат на продажба за што се склучени и солемнизирани договори за купопродажба. По извршеното намалување, основната главнина на Друштвото ќе изнесува 17.148.700 денари. Основната главнина на Друштвото се намалува за:

1. Продавница 601/602 според ИЛ бр.14381 КО Куманово, КП бр.14630, ул. „Доне Божинов“ бр.9, со вкупна површина од 1213 м2, со вредност од 163.309.93 евра или во денарска противвредност 9.901.600 денари.
2. Продавница 609 според ИЛ бр.14381 КО Куманово, КП бр.22129 ул. „С. Симоновски“ бр.23 б, со вкупна површина од 237 м2, во вредност од 36.201,11 евра или во денарска противвредност 2.194.900 денари.
3. Продавница 621 според ИЛ бр.2542 КО Велес, КП бр.1519 ул. „Енгелсова“ бр.4, со вкупна површина од 391 м2, со вредност од 37.190,71 евро или во денарска противвредност 2.254.900 денари.
4. Продавница 623/624 според ИЛ бр.2542 КО Велес, КП бр.66678, ул. „Прва комуна“ бр.1, со вкупна површина од 673 м2, со вредност од 92.748.35 евра или во денарска противвредност 5.623.400 денари.
5. Продавница 622/628 според ИЛ бр.2542 КО Велес, КП бр.1632, ул. „Ленинова“ бр.3, со вкупна површина од 352 м2, во вредност од 48.272.55 евра или во денарска противвредност 2.926.800 денари.

Друштвото е согласно на доверителите, врз основа на нивно барање да им ги исплати побарувањата или да им даде обезбедување. Ако по истекот од 90 дена од денот на објавувањето на овој оглас не биде поднесено барање за исплата на побарувањата, согласно со одредбите на Законот за Трговските друштва, ќе се смета дека сите доверители се согласни со намерата за намалување на основната главнина на Друштво за производство, промет и услуги ИМОБИЛИЈАРЕ-ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје.

ИМОБИЛИЈАРЕ-ПРОДУКТ ДООЕЛ Скопје
Управител
Стојан Симиќ, с. р.

(18381)

## Ј А В Н И  Н А Б А В К И

О Г Л А С
ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 06615/2022**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН
I.1) Податоци за договорниот орган
**I.1.1) Назив на договорниот орган: Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија Скопје**
I.1.2) Адреса: ул. „Мајка Тереза“ Бр.17/зграда - бр.8
I.1.3) Град и поштенски код: Скопје - 1000
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Фросина Стоилковска адреса на е-пошта: f.stoilkovska@yahoo.com телефон/факс: 075389076
I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: На горната адреса
I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:
Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – член 9, став 1 алинеја б) од Законот - Здравство

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**
**Интра аортален фибероптички балон катетер**
II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не
II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување со одложено плаќање
II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје, со адреса на ул.„Мајка Тереза3 бр.17/8
II.3) Секторски договор: Не
II.4) Централно тело: Не
II.5) Групна набавка Не
II.6) Електронски каталог: Не
II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:
II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да
Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник
Шифра Опис
33140000-3 - Медицински потрошен материјал
II.9) Делива набавка: Не
II.10) Рамковна спогодба: Не
II.11) Алтернативни понуди Не
II.12) Времетраење на договорот:
Период во месеци: 12
II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА
III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка
III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не
III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена
III.4) Електронска постапка? Да
III.5) Електронска аукција? Да

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ
IV.1) Гаранции и авансно плаќање
IV.1.1) Гаранција на понудата: Не
IV.1.2) Изјава за сериозност: Да
IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Не
IV.1.4) Авансно плаќање: Не

**Огласи**

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:

Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. - Решение за промет на големо со медицински средства согласно Законот за лекови и медицински средства.

IV.2.3) Техничка или професионална способност на економскиот оператор

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган:
- Економскиот оператор за понудените стоки да има обезбедено Решение за ставање во промет на медицинско средство, со точно обележани позиции кои се предмет на набавка, или привремено или трајно одобрение за паралелен увоз, согласно Законот за лекови и медицински средства
- сертификати и извештаи издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите:
- Да се достават каталози со детално обележани технички карактеристики на производот.

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи

V.2) Услови за доставување на понудите

V.2.1) Понудите да се доставаат најдоцна до 4.5.2022 година во 13:00 часот

V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 28.4.2022 година во 15:30 часот

V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 30.4.2022 година во 15:30 часот

V.3) Период на важност на понудата: 60 дена

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 4.5.2022 година во 13:00 часот, место: ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје, со адреса на ул.„Мајка Тереза“ бр.17/8

V.5) Дополнителни информации

V.6) Датум на објава: 15.4.2022 година

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ

ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА

ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ

ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР /ЕВИДЕНЦИИ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, Поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2022 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово**

**ISSN 0354-1622**
**Цената на овој број е 260 денари.**